**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на 50-та седница на**
**Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 29.12.2003 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа по 50-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Трифун Костовски, Стојан Андов, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Али Ахмети и Јани Макрадули, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствaат на седница.

**Преминуваме на 5-та точка.**

**Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на Закон.**

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на Законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Процедурално за збор се јавува господинот Шапуриќ.

ЗАОРАН ШАПУРИЌ:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитуван господин заменик министре.

Имајќи ја предвид законската обврска Буџетот да се донесе најдоцна до 31.12.2003 година, како и потребата од ефикасна работа, со цел за непречено функционирање на платниот систем, а сето тоа во интрес на граѓаните на Република Македонија, сакам на почетокот на претресот по оваа точка да предложам, прашањето за расправа и донесување на Предлогот за донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот на буџетите, со Предлог на закон, да се

искористи членот 83 од Деловникот на Република Македонија. Ова, имајќи го во предвид дека буџетот што го донесовме, практично е неприменлив, без донесувањето на овој закон.

Затоа, во врска со правото по членот 83 од Деловникот на Собранието, за ограничување на дискусија, барам поддршка од 10 пратеници.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупнот 59 пратеници, од нив 54 за, 1 воздржан и 4 против.

Во салата се присутни 71 пратеник.

Предлогот на господинот Шапуриќ се прифаќа.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Молам кој бара збор?

Деловнички за збор се јави господиниот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Госпоѓа потпретседателке јас сакам само да искажам едно незадоволство.

И покрај јавното ветување и покрај се она што се случуваше вчера, денес позицијата продолжува со начинот на замолчување на опозицијата. Навистина сметам дека овој пристап во работењето на Собранието не води никаде, затоа што ние веќе дадовме јавно ветување, го повторуваме тоа и денес дека во сите законски рокови ќе бидат донесени овие закони. Меѓутоа, несакаме да бидеме доведени во ситуација да не лимитираат во однос на времето за дискусија. Ние немаме намера да опструираме било каква работа, туку само сакаме да ги искажеме нашите ставови. Ако биде тоа 11 мунити, сметам дека тоа нема да биде на штета ниту на позицијата, ниту на Собранието, а ова што се прави сега е на штета и на Собранието во целина и на демократската јавност и на демократијата на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Стојаноски опозицијата започна со ваквиот приод, за жал.

Со оглед на тоа што ние имаме еден ден за завршување на овие точки кои се неопходни  да ги завршиме, едноставно ние сме принудени на тоа.

Инаку, само да кажам, довербата лесно се губи, а потешко се стекнува. Но, јас сум сигурна дека по Нова година повторно ќе започнеме со работа на еден поинаков начин и мислам тоа ќе биде во интерес на сите.

За збор се јавува госпоѓа Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Благодарам госпоѓа потпретседател.

Во интерес на вистината, јас морам да кажам, и покрај тоа што вчера се обидував истото да го направам, прдходните договори што ги правевме по други точки на дневен ред, на претходните седници на Собранието на Република Македонија , имавме исто такво уверување и тоа лично од господинот Никола Груевски како лидер на најголемата опозициона партија дека ќе завршиме некои точки во определен рок. Тие договори не се испочитуваа. Со оглед на тоа, ние немаме никаква основа, штом досега не сме успеале да се договориме и досега не се испочитувал договорот што сме го направиле, од страна на ВМРО-ДПМНЕ, немаме причина да веруваме дека и во овој случај ќе биде така.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално за збор се јавува госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитувана потпреседателке, јас мислам дека вие неправилно искажавте некои факти дека опозицијата го започнала ова. Напратив, ако сте зборавиле да ве потсетам.

Колегата Никола Апостоловски имаше прдлог да се ограничат дискусиите на пратениците, согласно член 83 од Деловникот. Значи, опозицијата не го започна тоа. Тоа го започна позицијата поточно СДСМ.

Што се однесува до она дека претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, јавно ветил, ние и вие вчера ги поминавме амандманите, колку што се сеќавам, го донесовме буџетот на Република Македонија. Така што, и оваа конструирана лага не држи. Ако вие и натаму продолжите вака по сите наредни точки да не оганичувате, велејќи дека времето и буџетот не тераат тоа да го правиме, навистина, ќе почнеме да применуваме други методи на работа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следна за процедурално се има јавено госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Навистина не е во ред вие да ја обвинувате опозицијата дека ги започнала настаните околу опструирање на работата на Парламентот, затоа што ние бевме опструирани и ни беше одземено демократското право, токму на ваш предлог, на предлог на СДСМ. Не го даде опозицијата предлогот да се ограничат дискусиите и навистина не е во ред вие пред македонската јавност да кажувате дека ние сме ја опструирале работата на Парламентот. Згора на тоа вчерашниот ден, во текот на целиот ден работевме надвор од Деловникот и од сите правила што треба да важат во овој Парламент.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Само да одоговорам, пред да дадам збор на новиот дискутант.

Кога спомнав дека вие го започнавте процесот на недоверба во Парламентот, не мислев на оваа седница, туку на претходната седница кога се дискутираше, за тетовскиот универзитет. Тогаш имаше поситигнато договор помеѓу претседателот и опозицијата и тој договор од страна на опозицијата беше прекршен. Така што, недовербата започна тогаш, и се што следеше отпосле беше резултат на прекршувањето од стрна на опозицијата.

Процедурално за збор се јавува господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потрептседателке.

Сакам да го изразам своето жалење што поново го применивте членот 83 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. Сметам дека полошо направите, бидејќи ова се закони кои не бараат долги дискусии. Вака не иритирате да мораме ние да го покажеме нашиот начин на делување, со 10 минути молчење, или 10 минутна дискусија. Значи, не принудувате, на некој начин. Ако навистина вие сакавте да ги донесете сите закони што се воврска со буџетот на Република Македонија, до пред Нова година, сметам дека не требаше, барем по овие точки што следуваат.

И вчера на координација ве убедуваме, меѓутоа, вие не можете да го разберете тоа. И вчера, сакам да потенцирам, го прекршивте член 168 од Деловникот на Собранието на  Република Македонија.. Ние вчера во 19 часот и писмено доставиме, се потпишавме. Значи и јавно и писмено кажавме дека, доколку

се дозволи слободна дискусија, верувајте дека седницата многу помирно и полесно ќе тече. Значи тоа го имате и написмено.

Јас сум сигурен дека довербата е изгубена. Меѓутоа, на ваков начин, ако се продолжи дека е многу лоша пракса во Собранието. Напртив ваквиот начин ќе придонесе до закочување на работа, или одовлекување на работата на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Трајановски, бевме и двајцата присутни кога ве молевме да направиме договор, уште порано, не во 19 часот, да направиме фер договор со кој единствено се бараше опозицијата јавно да се произнесе дека до крајот на вчерашниот ден ќе се донесе буџетот и до крајот на денешниот ден ќе се донесе останатиот пакет на закони, без никакви ограничувања на дискусиите. Вие дојдовте, после ваша консултација и кажавте дека не сте спремни тоа да го ветите. Така што, се тоа што после следеше, бевме сведоци. Мене, навистина, ми е многу жал, ве уверувам дека многу ми е жал што работите се тргнати на ваков начин. Јас би сакала да се обидеме, сега овој предлог е поминат и оваа точка вака да ја поминеме. Јас сум сигурна дека, за да се изгради доверба, потребни се две страни. Бидете уверени дека има добра волја од едната страна, она што јас го знам и мислам дека е ред и вие како опозиција да покажете дека имате добра волја, но навистина тоа да се покаже.

Повелте господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ

Само сакам на кратко уште еднаш да потенцирам дека за договор се потребни двајца. Тоа како прво.

Второ на вас и нас, сите заедно најважно ни е да ги донесеме сите закони за буџетот пред Нова година и тој рок е најзначаен. Сега вие давате предлог, вашиот предлог ако не се прифати, во тој случај нема договор. Ние и на писмено дадовме дека крајниот рок е најзначаен за сите нас, за сите закони, не само буџетот, без извршување на буџетот, без дополнување на законите за буџетот. Според тоа ние сме биле конструктивни и сме кажале до вторник, можеби и порано, пожеби и денеска се ќе беше донесено. Според тоа, вие си го дадовте вашиот предлог. Не се прифати. Крај.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сега да не прерасакажуваме што било. Бевме сведоци на тоа.

Процедурално за збор се јавува господинот Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Јас лично протестирам, а и целата група на ЛДП и верувам секој добронамерен пратеник во ова Собрание. Ова веќе не личи на ништо во нашиот Парламент. Морам да кажам дека се ова има најмалку врска со процедура. Тоа личи на материјална расправа.

Јас незнам како може примената на регуларен член од Деловникот за работа на ова Собрание, Деловник кој е донесен во претходниот состав, да претставува замолчување на опозицијата. Мислам дека е крајно време да почнеме да работиме, бидејќи во спротивно покажуваме и докажуваме дека не ни е местото во ова Собрание. Јас не знам и не можам да се согласам дека овде се бара демократија со постапки и барања и однесување кое личи на анархија. На крајот на краиштата мислам дека во овие неколку дена комплетно дигнитетот на Собранието е урнат. Граѓаните на Република Македонија ќе ценат и пороценат кој за што се залага и кој колку работи и колку се грижи за нивниот денар. Ве молам уште еднаш, да почнеме да работиме, а не под превезот на процедура да водиме материјална расправа и политиканство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам колеги, ако вака продолжиме ова ќе се претвори во дисконтинуитет на седницата. Ве молам да започнеме со работа по точката.

Сега уште да ги ислушаме процедуралните забелешки на пратениците кои до сега се јавиле. Тоа се Спиро Мавровски, Слободан Даневски и Жарко Караџоски.

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во текот на вчерашниот ден а и денови пред тоа слушаме некои нови термини, директно од позицијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, ве молам за тишина имаме уште 3 пратеници што ќе зборуваат за процедурата а потоа преминуваме на дискусија.

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас, во текот на вчерашниот ден слушнавм еден нов термин, терминот што доаѓа од позицијата дека во Македонија постои диктатура ма опозицијата. Тоа е нов измислен термин од СДСМ.

(Реакција на пратениците од позицијата)

Незнам која е оваа нервоза за господата од СДСМ.

Можеби и за сите заедно се премногу 10 минути и во овие 15 месеци, а не за една седница и за една точка. Но едно ќе ви кажам.

Сите овие закони ако вие сакате на ваков начин да ги донесете, ако пресметате тоа се 9 закони. Ние имаме право да молчиме по 5 саати, тоа се 45 саати. И тоа право не терате да го искористиме. Со тоа нема ни буџет да донесете, нема ни ништо да донесете. Затоа господа, кога вчера не дозволивте да се објаснат амандманите, да му кажеме на народот каде одат нивните пари, сега со овој закон и овие закони што ги носите каде што се префрлаат ингеренции директно од Влада на министерство каде имаме префрлање на пари за кои нема да се знае. Дали тоа е стравот на СДСМ дека народот тоа треба да го слушне. По овие закони можеме да зборуваме по 3 или по 5 души, дали тоа ќе бидат 10, 15 минути. Но во оваа ситуација ние ќе го искористиме правото да молчиме и тогаш ќе видиме кога ќе бидат донесени законите. Спремни сме, заедно со вас и да ја дочекаме и Нова година. По се изгледа вашата желба, после секој договор за 2/3 гласање, каде што има договор, каде што ВМРО-ДПМНЕ, заедно со вас едногласно ги донесе сите закони, вие одма после тоа го користите вашето право на позиција, со вашите 60 гласа да не ограничувате и народот да не го слуша нашиот глас. Но, господа, ова е трагично. Сите вие сте возмемирени но правите вознемиреност кај народот. Затоа дајте да почнеме да работиме. Ова не е начин на работа, ако се замолчи опозицијата, затоа што вие и нема што да кажете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски, јас сум должна да ви одговорам затоа што кажавте многу невистини. Вие кажавте невистини дека сте замолчени и дека немате право да говорите. Секој има право да говори по 10 минути и секој оној што ќе има што да каже ќе го искористи тоа право, а нема да молчи. Тоа е многу јасно. А, ако вие сте одбрале да молчите наместо да зборувате, или немате што да кажете или не сакате да го кажете. Тоа е ваше право.

Процедурално за збор се јавува господинот Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Госпоѓо потретседателке мислам дека правиме голема неправда со тоа што една лоша пракса воведуваме во Парламентот.

Тука сме 5 или 6 пратеници кои сме по 2, 3 и 4 мандати и ова не се случило во изминатиот период. Тоа што се настојува да се направи во овој момент, дали да се замолчи опоизијата и да се донесат законите во било која постапка, да се биде или да не се биде, мислам се прави лоша пракса, се наметнува лоша пракса затоа што едно право дадено, тешко ќе се одземе. Се доведуваме во таква ситуација, не само што ги збунуваме граѓаните, ги збунуваме и пратениците. Вие како претседавач влегувате во коментари и коментирате. Толкувањето на Деловникот единствено може да го врши претседателот на Собранието, бидејќи Деловникот не е направен така како што треба е двосмислен. Зошто се прават вакви експерименти. Ако се пуштеше една нормална дискусија, ценејќи како беше времето, и во амандманската расправа и во општата расправа и она што направи преседант претседателот, ја заклучи расправата, после амандманската расправа, што нема уставен основ.

Вие тука ни кажувате, се договоривме двете политички партии. Нема што вие да се договарате. Во парламентот постојат правила на однесување, правила на работа. Во Парлементот постои Деловник и во Парламентот постои Уставот да се почитува. Дали вие ќе се договорите џентламенски, тоа воопшто не важи. Сите ние пратеници сме исти. Вие дали ќе се договарате тоа е едно право. Ние сме дојдени тука да работиме. Вие можете да се договорите ние сега и да прекинеме со работа, можете било што да се договорите. Ние доаѓаме тука во Парламентот да работиме. Вие го ускратувате правото на Парламентот. Пред се вие како претседавач, како прв меѓу еднаквите, вие сега сте прв, трба да ги штите правата на пратениците, а вие се ставате во улога на министри. Ги изместивме работите. Едни пратеници не караат, се ставаат во улога на министри. Ги изпомешавме сите работи. Зошто да не се слуше гласот и на опозицијата. Вие, со скратувањето на правото, ги казнувате граѓаните. Не е вистина, ако не се донесе буџетот дека ќе биде крах за Македонија. Не е вистина. Има и времено финансирање. Туку, работата се води на инает. Знаете ли што доведува до инает. Дајте една нормална дискусија. Дајте да се слушне што е работата. Ако е даден збор и ако јавно се кажува дека има расположение да се донесе буџетот до 30.12. тој и ќе се донесе. Зошто со вакви игри. Немојте да

манипулирате со граѓаните. Никој нема намера да опстуира. Буџетот мора да се донесе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Беше пријавен за процедурално господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателки, колеги пратеници.

Прво неспорна е одредбата од членот 83. Тоа да го расчистиме. Значи таква одредба постоела, постои и ќе постои најверојатно. Правото да се ограничи дискусијата на пратениците од 10 минути со волја на мнозинството, постои како одредба и тоа не го спориме. Ние ја спориме неговата примена во пракса, значи во претходните парламенти секогаш таа одредба се користела во ептен крајни ситуации и секогаш била непопуларна мерка. Што ние спориме почитувана потпретседателке. Го спориме толкувањето на Комисијата на чело е господинот Кондарко кој кажа дека нема право да се дискутира и по текстот на Законот. Поточно дека тие 10 минути важат за целиот претрес. Тоа го спориме и целата забуна настана откако тоа почна вчера да се применува. И тоа не само што го спориме, туку има и ааргументи во Деловникот. Неможе членот 83 господине Кондарко да ги исклучи од употреба членовите 164 и 168. Јас незнам од каде го извлековте.

Значи, она што сакам да го објаснам тоа е од тој аспект вие велевте дека опозицијата е замолчена. Сметаме дека тоа не е законски направено, но чисто политички. Некој некому му наметнал да донесе чисто политичка одлука. За да излеземе од матната почитувана потпретседателке, во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бараме еден час пауза за дополнителна консултација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Добро господине Караџоски.

Давам пауза од 15 минути.

По паузата седницата продолжи во 12,00 часот.

Дали некој бара збор по претресот за донесување на законот (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Јас ги молам колегите пратеници да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во салата имаше 62 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 53 пратеници, 51 за, еден воздржан и еден негативно.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 56 за, еден воздржан, еден негативно.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 7 став 4 со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке јас се јавувам процедурално само да го искажам ставот за кој што побаравме пауза. Не случајно барав поголема пауза од 15 минути затоа што можеше да се случи ние да задоцниме а вие да го заклучите општиот претрес.

За да излеземе од оваа безизлезна состојба, ние се договоривме на ниво на пратеничка група, значи од наша страна ќе има конструктивност, но доколку парламентарното мнозинство ја повлече оваа одлука која ја донесе за ограничување на 10 минути, ние нема да дискутираме и вие гласајте ги сите закони, значи повлечете ја оваа одлука господине Шапуриќ за да работиме нормално.

Во спротивно, почитувани колеги пратеници ќе го користиме правото сите да молжиме по 10 минути, а вие пресметајте колку е тоа време. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Караџоски прво не е убав ваков ултимативен начин. Ова е уцена. Ова не е убаво и ова не ни прилега како колеги. Ве молам да се слушнеме, освен тоа вие сте правник и вие многу добро знаете дека не е можно одлука која што е донесена за точка која што трае и на ваков начин трае, не може сега да се повлече. Значи ние го имаме сега само претресот по текстот на предлогот на законот. Јас предлагам да го завршиме вака како што сме го започнале. А за следната точка јас сум спремна да седнеме да разговараме и да се договориме и со доверба да си пријдеме, јас сум спремна и верувам дека тоа ќе даде позитивен резултат. Затоа ве молам оваа точка како што сме ја започнале, не е долга, да ја завршиме.

(Реакции на претеничката Козеклиска од место).

Колешке Козеклиска имавте можност исто така да се произнесете и по оваа точка и јас ве молам да имате разбирање да не продолжиме вака и ви ветувам дека доколку конструктивно работиме на оваа точка ќе се договориме веќе на следните точки да одиме без ограничување.

Јас ве молам кој бара збор по претрес на текстот на предлогот на законот.

Јавен е господинот Киро Дојчиновски, процедурално.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Сакам да укажам на следното. Никакви закани во смисла на молчење, затоа што членот 83, всушност 89 всушност да зборува, а не да молчи. И ве молам имајте го тоа предвид. Да говорите, а не да молчите. Седум часа имаат право да говорат. Малку ли ви е тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално се јавува госпоѓа Ганка Самоиловска - Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА:

Почитувана потпретседателке, ние не прифаќаме позиција доколку сме конструктивни, ќе ни овозможите нормално да дискутираме по понатамошните точки. Дали овој Парламент треба да дејствува воспитно, или да ја дисциплинира опозицијата. Како ние ќе дискутираме, како ќе го искористиме нашето право што сметаме дека ќе го искажеме е апсолутно наше право. Значи ние не прифаќаме позиција некој да делува воспитно или дисциплинирачки врз опозицијата. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке Самоиловска јас мислам дека се што ни се случува изминатиот период делува воспитно врз сите нас и врз граѓаните. И мислам дека треба и така да ги прифатиме работите. Инаку поентата ми беше дека ние не можеме правнички да се враќаме сега назад. Затоа ве молам точката да ја довршиме, потоа сум спремна да продолжиме на поинаков начин како досега.

Јас ве молам кој бара збор за овој претрес по текстот на предлогот на законот.

Има збор госпоѓа Ганка Самоиловска - Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА

Ќе го искористам моето право со десетминутно молчење, бидејќи тоа е форма што ја промовираше во Парламентот актуелниот претседател на Собранието на Република Македонија господинот Љупчо Јордановски.

(По истекот на 10 минути во кои Ганка Самоиловска-Цветанова молчеше)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, завршија 10 минути.

Благодарам на Самоиловска-Цветанова.

Јас не слушнав ни збор да беше поврзано со претрес на текстот на Предлогот на законот. Мене ми е навистина жал што веројатно ни македонската јавност не можеше да го слушне и разбере вашиот став по оваа точка. Тогаш ..

(Реакции во салата)

Ве молам, ве молам.

Има збор госпоѓа Цветановска.

(Пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова инсистира на процедурално)

Повелете госпоѓа Цветанова, ајде уште еднаш процедурално.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почигувана потпретседателке, со сета моја почит, но мислам дека вашиот коментар не е на место и не е коректен, бидејќи начинот на кој што ние ќе дискутираме и ќе го искористиме нашето право е наша одлука. Затоа ве молам да не оставите одлуката да си ја спроведеме на начин на кој ние сметаме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Знаете што, на сите ни е јасно дека ова не е ниту дискусија, меѓутоа овде мислам дека треба да се покаже толеранција. На секој пријавен да му се даде збор.

Инаку, колешке, вие исто многу добро знаете дека постои во Деловникот определба доколку некој не се придржува до дискусијата, до темата на дискусијата, може да му се одземе збор. Претседавачот ..

(Реакции во салата)

Дозволете колеги да се слушнеме.

Претседавачот може сосема слободно да одземе збор секому кој ќе почне да молчи и да не каже ништо. Меѓутоа, јас имам впечаток дека некој можеби токму тоа го сака. Затоа, јас ќе им дадам збор.

Следна е госпоѓа Марија Којзеклиска.

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитувана потпретседателке ..

(Повеќе пратеници се јавуваат во исто време со барање збор за реплика или процедурално)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Момент, процедурално госпоѓа Цветанка Ивановска.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВСКА:

Госпоѓо потпретседателке, колеги пратеници, во Деловникот за работа на Република Македонија има посебна Глава В која се однесува на прашањето - Говори на пратеници на пленарни седници. Во оваа Глава никаде не пишува дека мислењето пратеникот може да го изразува со молчење. Значи, мислењето може да го изразува пратеникот со говори и таму е подробно опишан начинот на постапката во земање и одземање на збор.

Еднаш даденото право, симболично нешто да се изрази не значи дека во овој Парламент треба да го претвориме во деловничка одредба. Ви се молам, да се придржуваме кон Деловникот, бидејќи сето ова што се презема од страна на

колегите од опозицијата е веќе јасно, е во знак на опонирање и блокирање на работата на Парламентот.

И ви се молам, уште еднаш, во Деловникот нема одредба што вели дека пратеникот може да го изрази своето ..

(Реакции и дофрлања од страна на пратениците од опозицијата)

Ви се молам господине Караџоски, кога вие зборувате јас ве слушам. Кога вие зборувате јас културно ве слушам. Покажете малку елементарна култура. Слушајте не, барем ако не се согласувате, можете да го кажете своето мислење.

Значи, во Деловникот нема одредба која што јасно кажува дека пратеникот може да го зрази своето мислење со молчење. И, уште еднаш потенцирам дека еднаш даденото право симболично да се изрази нешто не смее да го претвориме во деловничка одредба, а ова се со цел да ја блокираме работата на Парламентот.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ви благодарам, токму и на тоа мислев госпоѓо Ивановска.

(Реакции, дофрлања и барања за процедурално)

Кој сега бара процедурално?

Господинот Блаже Стојановски бараше збор.

Има збор господин Блаже Стојановски, беше пријавен.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам почитуван потпретседателке,

Ние сме свесни тука дека во текот на вчерашниот ден, без никаква деловничка одредба што предвидува ограничување на правото на опозицијата да зборува 5 минути само на предлагачот и укинување на правото да го искажат своето мислење сите други пратеници, не само на опозицијата, туку и на позицијата, но позицијата има политички налог да не зборува, што значи целосно се укинува правото на говор на пратеникот.

Укинувањето на правото на говор претставува повреда не само на Деловникот на Собранието на Република Македонија, туку и на Уставот на Република Македонија, бидејќи тука како пратеници сме претставници фна граѓаните на Република Македонија, имаме право и обврска да ги претставуваме и застапуваме тие што не избрале. Од овие причини сметам дека искористувањето на

правото на молчење во текот н а 10 минути и обидот да се укине и тоа право, значи вие сега сакате да ни го укинете и правото на молчење, претставува ништо друго туку целосен обид да се избрка опозицијата од овој Парламент.

Благодарам.

(Реакции во салата, дофрлања, барање збор за процедурално, барање збор за реплика)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Цветанка Ивановска бидејќи се однесува на истото.

(Бурно реагирање во негативна смисла од страна на пратениците од опозицијата)

ЦВЕТАНКА ИВАНОВСКА:

Навистина јас сум за демократија ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Србиновски ве молам, господине Србиновски, господине Србиновски ве молам, можете снимката да ја видите и да следите како се дава процедурално збор и колку се дава од една или друга страна. Ќе видите дека во полза на опозицијата.

Господине Србиновски, ве молам некоректно реагирате и без право.

Госпоѓо Цветанке Ивановска, повелете.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВСКА:

Госпоѓо потпретседателке, јас ако навистина немам право се согласувам да ми биде одземен зборот, меѓутоа првото мое обраќање беше деловнички, а сега реплика на излагањето на колегата.

(Реакции во салата)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Не може реплика, само процедурално може.

Процедурално збор бараше госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Госпоѓо потпретседателке, колеги пратеници,

Во текот на вчерашната седница во многу наврати беше прекршуван Деловникот. Јас незнам сега како можете сега вие да ни кажувате да се држиме од Деловникот кгоа вчера постојано го прекршувавте. А, најголемото прекршување за кое ни останавте должни да дадете објаснување, беше ограничувањето на 5 минути за амандманска расправа и не ни дадовте објаснување врз основа на кој член од Деловникот донесовте ваква одлука. Затоа што јас, во Деловникот не најдов член на кој може да се потрпе ваквата одлука. Тоа беше големо прекршување на Деловникот.

Деловникот беше прекршен кога општата расправа не беше затворена, се премина на амандманска расправа и после завршувањето на амандманската расправа беше затворен општиот претрес. Јас незнам поголемо прекршување од ова и по кој член вие работевте, навистина незнам. А, бројни ситни прекршувања не сакам да дискутирам. Мислам дека македонската јавност ги слушна и ги виде, меѓутоа овие две беа надвор од сите правила на Деловникот. А, уште поголемо беше прекршувањето, заклучоците што ги донесе Деловничката комисија во кои што се вели дека членот 83 го елиминирал членот 168. Тоа е невидено во правото еден член да елиминира друг член. Јас мислам дека треба да се држиме до она точно што го вели Деловникот. Јас незнам со кое право вие тврдите дека го кршиме Деловникот со тоа што молчиме, а молчиме затоа што ни го одзедовте правото да дискутираме онолку колку што сакаме. Навистина, во Деловникот нема таква одредба. А вие, останавте должни да ни објасните по која одредба од Деловникот ја донесовте одлуката за ограничување на 5 минути за дискусиите по амандманите на Предлогот на буџетот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Шаќири има збор процедурално.

ИСНИ ШАЌИРИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници,

Мислам дека од сето ова што се случи во последниве денови во Парламентот на Република Македонија сме добиле се, само повеќе добиле тие што грешат и продолжуваат грешките да ги повторуваат.

Ве молам пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, како пратеници кои имате гласачко тело, сите тие се граѓани на Република Македонија, нивниот интерес е

заеднички. Значи, и со гласовите што ги дале за СДСМ и за ДУИ, гласовите што ги дале за ЛДП и за ДПА и за сите други партии овде е интересот на сите граѓани.

Мислам дека вие, со начинот на кој што дејствувате, не само што предизвикувате штета сами на себе, туку штетата е на грбот на граѓаните на Република Македонија. Знам дека тука има тврдоглавност. Вие се повикувате на демократија. Засрем ние немае гласачко тело? Зарем ние не сме пратеници што вие на многу грозен начин ни го одземате правото да го претставиме нашите идеи. Заре, ние не сме пратеници на оваа држава. Земете ги овие денови, анализирајте ги седниците, ве молам. Анализирајте и видете што сте направиле вие. Мислам дека вие заборавте и не правите анализи. Воопшто не знаете што сте направиле, какви грозни дејства, грди дејства сте направиле токму во овој Парламент.

Ве молам ..

(Бурни реаскции во салата а претседавачот предупредува на ред со ѕвончето)

Ве молам, два дена сум ве слушал по 20 часови овде, ги повторувате и ги читате листовите што од улица ви ги носат. Се повикувате на демократија, на институција.

Господо, не се брани вака државата. Треба да се засрамите пред граѓаните, не пред нас. Треба да се засрамите ви велам.

(Бурни реакции во салата)

Овозможете да продолжи работата, да ја завршиме нашата задача, затоа што вака не одат работите. Вие сте излегле скрос од шините. Не сте веќе во контрола. Разберете. Немате никаква контрола.

(Претседавачот предупредува на ред со ѕвончето)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Шаќири, господине Шаќири ..

ИСНИ ШАЌИРИ:

Имате луѓе научници, имате лидер на партија кон кого имам почит. Имам почит, верувајте. И кон некои пратеници имам почит. Не одат овие работи со инает. Разберете. Ви велам на многу искрен начин, без никакви резерви. Сум во функција на одбрана, на тоа што е правично и право на секој пратеник. Меѓутоа, не

на овој начин. Ова е потсмевање. Ова е тотална дискредитација на институцијата пратеник, на институцијата Парламент.

Би ве молел да создадеме нормални услови да ја затвориме секоја седница, да ја завршиме секоја задача. Јас сум длабоко убеден дека и вие, ако бевте на вистинска линија ќе бевте на линија на граѓаните на Република Македонија. Ќе имате поддршка од граѓаните, безгранична поддршка. Не оди на ваков начин.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам колеги да внимаваме сите со изразите, ве молам.

Процедурано има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Се јавувам процедурално, бидејќи овде многу се зборува дека се крши Деловник, дека опозицијата го крши и тн., еве на почитуваната колешка, моја сограѓанка Цветанка, бидејќи двајцата сме правници, добро го знаеме Деловникот, нека ми каже врз основа на кој член од Деловникот вчера се усвои предлогот од колешката Роза Топузовка. Значи, врз основа на кој член тоа го направивте. И, ако тоа не е кршење на Деловникот, јас навистина незнам што е друго кршење.

Значи, ако правото од член 83 пишува дека има право да зборува 10 минути, не вели најмалку 10 минути, не вели најмногу, туку точно 10 минути, од каде го изведовте 5 минути. И, само еднаш. Неспорно, ама вие 5 минути ни дадовте. Пет минути вчера ни дадовте.

(Дофрлања од место)

Кондарко. Значи, апсолутно кршење на одредбата од Деловникот. Сега да не повторувам сите констатации што ги кажа колешката Лалчевска. Значи, немојте само да обвинувате дека некој кршел Деловник, некој правел опструкција. Најодговорниот човек да се грижи за Деловниот е токму претседател на Собранието на Република Македонија. Колешката Топузовска предложи што предложи. Не можеме да ја обвинуваме. Таа сигурно не е правник да го знае Деловникот како што пишува таму. Меѓутоа, таа предложи еден конструктивен предлог. Тоа можеше да биде, да кажеше 10 минути и ќе беше одредба од Деловникот. Меѓутоа, тука е чистата повреда и сега, сега не повикувате каде сме го нашле да молчиме 10 минути? Па тоа е промовирано од претседателот на Собранието на Република Македонија, а плус тоа е применувано веќе неколку дена. Значи, не можеме сега ако

три дена применуваме право на молчење одеднаш да го прекинеме, дека тоа не било по Деловник. Требаше уште вчера да го прекинете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Продолжуваме. Збор имаше госпоѓа Марија Којзеклиска.

(Реакција од пратеникот Кондарко)

Во ред, беше спомнат.

Процедурално има збор гсподинот Кондарко.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор Кондарко и со тоа завршување со процедуралниот дел и применување на дискусија.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам потпретседателке

Господинот Караџоски и пратеници од опозиција, кои упорно говорат и прашуваат врз основа на кој член од Деловникот е ограничено времето на говорење во траење од 10 минути. Вие, вчера Комисијата за деловнички прашања одржа седница и доставени ви се заклучоци те писмени, образложени од 1 до 4. Во точка 2 од заклучоците стои дека во рамките на определено прашање односно точка во дневниот ред во смисла на член 83 се опфаќа целокупната расправа која се води по тоа прашање односно претрес по текстот и амандманската расправа.

Комисијата сметаше дека согласно, смета и одлучи, согласно член 83 од Деловникот во рамките на едно исто пршање, што претставува точка на дневниот ред, пратеникот може да говори согласно член 83 само еднаш, Што е изрично ;потенцирано во членот, а тоа право се однесува и за општиот претрес и за амандманската расправа и во рамките на една точка од дневниот ред таквото право на говорење само еднаш, може да се искористи само еднаш.

Значи, Собранието, господа пратеници, работи единствено по Деловникот. Вие, што се обидувате да давате побуди за потпишување на договори, тоа не важи, затоа што овдека ние не го применуваме Законот за облигациони односи и овдека ние не сме на Кванташки пазар да се пазариме, ова е сериозна институција, Парламент и ние работиме по Деловникот. Исто така, не работиме на чесни зборови во кои ние не веруваме и на жими мајка на лидерот на опозицијата, затоа што во многу наврати покажа и докажа дека нема искрени намери. И, ова што го

направивме и срамота за Парламентот и изживувањето со демократијата. Впрочем, ако тоа што вчера го правевте, не претставуваше демократија, јс незнам што е поголема демократија од тоа. А, тоа што вие молчите, позицијата не ве замолчува. Вие имате право да говорите 10 минути согласно Деловникот, не го користите тоа право и вие самите молчите. Самите се ззамолчувате и ја замолчувате и ја исмејувате демократијата во Република Македонија и го навредувате овој Парламент и поради вас треба сите да се срамиме што сме пратеници денеска овдека.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги., јс ве молам, ова веќе нема крај. Се што имше да се каже, се кажа и ве молам, колеги, да не гсе навраќаме и да не правиме ретроспективи за цели недели наназад што се случувале.

Госпоѓа Марија Којзеклиска има збор и јас ја молам да земе збор. Искористете го во рамките на својата дискусија лод 10  минути можете да се произнесете по текстот на документот.

Повелете, има зб ор Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас уште еднаш ќе му кажам на г-динот Кондарко, иако ми е испод чест да му објаснам на колегата, затоа што е мноу помлад од мене. Пред малку господинот Караџоски праша, врз основа на кој член госпоѓата Роза Топузовска Каревска го предложи предлогот да се ограничат дискусиите на пет минути. Господинот Кондарко да престане да држи лекции и да му го чита извештајот на Комисијата за мандатно-имунитетни и деловнички прашања, затоа што тоа што го кажа никаде не го објаснува она Што го кажа г-динот Караџоски.

Во однос на коментарот за Предлогот на законот за изменување и дополнување на  Законот за Бу џетите го имам следниот коментар. (Молчи).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке, јас ве молам да се придржувате до текстот Што е на дневен ред.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Сакате да ми го одземете зборот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Доколку не се придржувате, да.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Повелете нема проблем. Одземете ми го зборот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Жал ми е, колешке, меѓутоа, според член 87 од Деловникот, јас сум принудена да ви го одземам зборот, поради непридржување до текстот на Предлогот на законот.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ајде, објаснете ми врз основа на што не се држам на дневниот ред во мојот говор? Како јас излегувам од прашањето?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Затоа што, проценка е на претседавачот да процени дали се ридржувате или не се придржувате,. Јас не успеав да разберам дека вие се придржувате до текстот на Предлогот на законот.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

А како пак проценивте дека не се придржувам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам да не влегуваме во дијалог.

Следен збор има г-динот Илија Србиновски.

Повелете.

Му давам збор на г-динот Илија Србиноски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Дозволувам да се зборува процедурално на колегите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, деловнички, г-дине Србиновски дозволете г-ѓа Ганка са зборува процедурално. Во ред, штом пратеникот дозовлува, госпоѓа Ганка Самоилова - Цветановска, процедурално.

ГАНКА САМОИЛОВА ЦВЕТАНОВСКА:

Благодрам, почитувана потпретседателке.

Сакам да прашам, бидејќи тука јас кажав дека формата на молчење ја промовираше претседателот на Собрнаието г-динот Љупчо Јордановски, а од неговите сопартијци ртоа го оправдуваа  како еднаш симболично дадено право. Каде во Деловникот стои дека г-динот Љупчо Јордановски, тогаш според деловникот имал еднаш симболично  дадено право. Сакам да ми се протолкува во деловникот кој е тој став и зошто еднаш симболично дадено право се оправдува, а сегашното наше право ми се одзема на молчење. Ве молам, според деловникот да ни се даде толкување за еднаш симболично дадено право.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке, ние вршимер претрес по текстот на предлогот на законот и јас не можам да одговарам за тоа што било кога господинот Љупчо Јордановски правел едно или друго на говорница. Меѓутоа, во ситуација, во оваа ситуација јас се обидувам да го следам деловникот. Проверете, сето ова што го велам е потполно во согласно со Деловникот. Јас ве молам да бидеме коректни. Уште еднаш ве молам да го искористиме сите своето право на дискусија во интерес на оние закони што ги носиме, затоа што тие се закони во интерес на оваа држава. Јас ве молам, колеги, и се она што ќе има како забелешки, мислам дека ќе биде придобивка и за Владата на Република Македонија и за сите нас. Мислам дека е тоа, впрочем и наша обврска како пратеници, избраници на граѓаните. Меѓутоа, ваше право е како ќе изберете понатаму.

Сега, му давам збор на г-динот Илија Србиновски.

Госпоѓо Лалчевска, ве молам, веќе еднаш се разбравме и ова мора да се прекине. Немојте, ве молам, неколку пати истите работи ги кажуваме и веќе ова личи како некој да не сака да се  заврши оваа точка.

Уште Лалчевска  и веќе никој процедурално до Илија Србиновски до дискусијата, госпоѓа Лалчевска беше упорна и повелете.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам, госпоѓо потпретседателке, само да ви укажам дека во неколку наврати барав процедурално, вие не ми дававте збор, го кршевте членот 85 од Деловникот, затоа што таму, ќе си земам за право да прочитам точно стои дека на пратеник кој сака да говори за повреда и неправилна примена на Деловникот, претседателот му дава збор штом ќе побара. Вие ваквото право ми го ускративме во неколку наврати. Исто така, ми ускративте објаснување кое го побарав со претходната процедурална забелешка и не ми објаснивте по кој член беше заснована вчерашната одлука што ја донесе парламентот по барање на госпоѓата Каревска. Затоа што, во истата  одредба 85 стои дека по говорот на пратеникот претседателот на Собранието дава појаснување , вие такво појаснување не ми дадовте.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Лалчевска не се согласувам со тоа и мислам дека ја извртувате вистината. Вие говорите повеќепати процедурално и јас се обидувам да дадам збор процедурално на сите што ќе побараат, меѓутоа,  по некогаш истовреено по десет души креваат рака, така што на прворто кревање на рака, нормално, не можат сите да добијат збор. Но, сите оние кои остануваат и инсистираат да добијат збор и

добива, така што и вие добивте веќе неколку пати збор. Значи, ве молам, немојте да ја изврտуваме вистината.

Второ простете јас не сум должина на оваа точка, точка 5 да објаснам што се случило на точката број 4, која што и не сум ја водела во тој момент. Сега, ве молам, г. Илија Србиновски да земете збор. Ви давам збор за дискусија.

Повелете.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке,

Веќе втор ден се расправаме за овие работи, некој јал една вреќа сол, некој три вреќи ќе изеде пак нема гајле.

Значи целата работа се води за инает. Бидејќи решенијата во законот ви се многу квалитетни и многу ќе направите за бнародот да живее уште полошо мојот коментар ќе го одлучам пак со молчење од 10 минути.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Србиновски ве опоменувам да се придржувате до текстот на предлогот на законот.

Колега Србиновски уште еднаш ве опоменувам да се држите до претрес по текстот на Предлогот на законот.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

За интерес на македонскиот народ да знае со каков закон се работи за предлог извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година ќе ги прочитам општите одредби.

Член 1 Буџетот на Република Македонија за 2004 година во ната ошниот текст Буџет се извршувај според одредбите на овој закон. Буџетот се состои од централен буџет, финансиран во изворни приходи, утврден во буџетот, буџет на корисници, финансиран од буџетски приходи, кои ги наплатуват корисниците, буџет од самофинансирачки активности финансиран од приходи остварени од дополнителни активности на буџетските корисници, буџет од даноци, финансиран од приходи остварени од донации, буџетот од кредити финансиран од приходи по основ на кредити.

Толку од мене.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, збор има Силвана Бонева.

Повелете.

Повелете, г-дин Абдулаќим Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодрам.

Сакав само заради јавноста и заради гласачите на ВМРО да видат за каков пратеник гласале. Кога ние збoруваме за буџењтот за Законот за буџетите тој дискутира за Законот за извршување на буџетот. И се чудам затоа што вчера имаше могу амандмани кои што предложени,  и сега се чудам како претходниот говорник немаше предложено ниеден амандман за зоолошката градина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Не ја знам колега врската со зоолошката градина, меѓутоа, јас ве молам, уште еднаш да бидеме коректни, да бидеме стрпливи и да ја завршиме работата.

Збор процедурално г-дин Гзим Острени. Повелете.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Госпоѓа претседавач ве молам, во вакви случаеви кога се крши член 87 да му го прекинете говорот не може  да зборува за друга точка од дневен ред освен за точката 5. Во овој случај доколку зборува ве молам, да му го одземете зборот на секој дискутант вклужувајќи ме и мене.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Острени, јас токму тоа и го правам, два пати го опоменувам, и потоа го одземам зборот доколку не се придржува.

Госпоѓа Силвана Бонева има збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Госпоѓо потпретседател, во знак на протест, за ултимативното наметнување на волјата на мнозинството над опозицијата непочитувај"и ги демократските правила на парламентарна борба, кое нешто се потврди и пред малку, самата кажавте госпоѓо потпретседател, дека само тие што биле упорни, ќе добијат право за збор, по Деловникот. Јас некоклу пати кревав рака и го притискав овде копчето меѓутоа, не бев значи доволно упорна за да добијам право на збор.

Понатаму.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам преминете на дискусијата.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Понатаму, ќе го искористам моето ограничено право да одмолчам 10 минути за предложениот закон.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Бонева јас ве повикувам  да се придржувате до претрес по текстот на Предлогот на законот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Госпоѓо потпретседател,

Навистина немам зборови да ја искажам и мојата жал,што да зборувам во Законот зза измени и дополнувања на Законот за буџетите кога еве само со член 2, стои дека Фондот за земјоделството се брише.

Не гледам никакво квалитетно решение што може да го подобри животот на граѓаните во овој закон и заради тоа имам право мојот протест да го искажам со молчење.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

г-ѓо Бонева втор пат ве опоменувам, не се придржувате до претрес по текстот на предлогот на законот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Сега ќе почнам г-ѓо потпретседател штом молчењето е непридржување  до темата .

Дали смета Владата дека е добро да се укине фондот за води, фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата. Понатаму во членот 3 каде што додава нов став вели дека начинот и постапката за издавање и исплата на државните записи го утврдува Минстерството за финансии во соработка со гувернерот на Народна банка на Република Македонија , Ќе ви прочитам и понатаму што има во законот. Членот 26 се менува и зборува за корисниците на средсства од буџетот дека можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на буџетот до Министерството за финансии достават годишен финансиски план по квартали за користење на средствата по сметки, по програми и ставки. Корисниците на средствата од буџетот кои што имаат единки корисници должни се за секоја единка корисник во рок од 5 дена од денот на донесувањето на буџетот да достават извод од годишниот финансиски план по сметки, по програми и ставки во кои се содржани средства наменети за  одделни единки корисници. Единките корисници изготвуваат свој финансискии план по квартали, по сметки, по програми и ставки кои што имаат обврска да го достават до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот

финансиски план го доставува до Министерството за финансии во рок од 25 дена. Корисниците и единките корисници на средствата од буџетот се должни средствата да ги користат наменски и не смеат да преземат обврски над лимитот на одобрени средства со буџетот. Понатаму, член 7 се менува и гласи. Врз основа на годишниот финансиски план во текот на годината буџетските корисници изготвуваат предлог финансиски план за даден квартал по месеци по сметки, по програми и ставки кои го доставуваат до Министерството за финансии, секторот за трезор најдоцна 5 дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот заради негово одобрување. Кварталниот финансиски план поделен по месеци преставува процена на трошоците на корисниците на буџетот за дадениот период и неговото одобрување претставува право на трошење на средства за дадени месеци во рамките на кварталот, односно последователниот период до колку правото остане неискористено. Корисниците на средства од буџетот кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Министерството за финансии сектор трезори да достават и збирен квартален план по месеци за своите единки корисници. Понатаму, член 8, одобрените расходи во буџетот на Република Македонија корисниците неможат да ги прераспределуваат помеѓу себе. За прераспределба на планските расходи во текот на една фискална година во рамките на еден буџетски корисник на ниво на ставки и програми одлучува министерот за финансии по предлог на буџетските корисници, а за прераспределбата помеѓу корисниците одлучува Собранието на Република Македонија , односно Советот на единицата на локалната самоуправа во рамките на вкупно утврдениот лимит. Дали понатаму треба да продолжам со читање?

Г-ѓо потпретседател , мислам дека апсолутно има право со молчење да го искажам својот протест за начинот на работа на овој Парламент. И не не принудувајте со одземање на зборот да правиме нешто што не сакаме .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г. Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, јас мислам дека сепак денеска требаше да биде тука претседателот на Собранието, затоа што после вчерашниот негов наводен успех што го донесе буџетот, очигледно денеска неможе ни да се појави на седницата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега ве молам немојте, за претседателот не е присутен, има сосема оправдани причини зошто во моментот не е присутен.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Меѓутоа, очигледно претседателот, потпретседателке требаше да биде присутен затоа што очигледно има проблем во дејствувањето на Парламентот. Тој проблем на дејствувањето на Парламентот треба најпрво тој да го реши заедно со претставниците на сите политички партии.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, тоа во негово присуство да го говорите. Не е пристојно без негово присуство и не ме ставајте и мене во непријатна ситуација.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Меѓутоа, морам да кажам дека сега на вас останува овој проблем, затоа што не е начин најпрво кога видовте дека ние ќе молчиме 10 минути, тоа право ќе го искористиме, брзо брзо наоѓате некои членови во Деловникот каде што ќе видите на каков начин сега и тоа право ќе можете да го одземете и вие самите незнаејќи зошто. Ако тоа право ние го имавме вчера да молчиме, или го немавме тоа право, требаше вчера да го одземете. Меѓутоа, очигледно вчера неможевте да најдете во Деловникот каде тоа го пишува, па вчера не го одзедовте тоа право.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам ако може по текстот на предлогот на законот.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

По текстот на предлогот потпретседателке е во исто време и ова се што се случува овде денес во Собранието. Овој предлог закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите очигледно како што кажавме ние како политичка партија заедно со сите други закони што се поврзани со буџетот ќе се донесат како што кажавме утре во пет часот. Ние сме политичка партија ВМРО-ДПМНЕ, се обидуваме на секаков демократски начин да дејствуваме во име на пратеничката група, во име на партијата и во име на демократијата на секаков начин

да видиме како можеме некои законски рамки што беа во буџетот да ги смениме. Ни ограничивте 10 минути, ние тоа го искористивме вчера видовте на каков начин. Денес ви кажавме, значи немојте да ограничувате, ќе се донесат многу побрзо сите закони. Значи, пак одите со сила и еве сега пак ние продолживме со молчење. Сега и тоа го одземате, па сега ќе продолжиме пак со зборување, пак 10 минути. Значи, временски ако продолжиме ние со зборување 10 минути, вчера тоа му се објасни на почитуваниот министер по финансии, ако продолжиме временски 10 минути ние, неможат да се донесат законите до нова година. Затоа што 9 закони се. Ние имаме право по 10 минути, зошто така да не размислуваме. Значи, зошто да не се договориме како што треба, туку зошто не терате нас да одиме 10 минути по секој закон, 20 пратеници по 10 минути, тоа се 200 минути, 9 закони, 10 закони по 200 минути колку е тоа? Пресметајте дали може до 31 да се донесат. Неможе. Значи ако се договориме,ќе се донесат, а ако не се договориме, нема да се донесат. Затоа имаме проблем овде. Јас вчера го кажав тоа. И тој проблем треба да го решиме заеднички . Инаку, вие ако одите со ваква намера, денеска веќе не е присутен ниту министерот за финансии, очигледно и тој виде во што е целата ситуација. Заменик министерот е тука, можеби и тој треба како заменик министер за финансии да видиме во што е проблемот, ако веќе претседателот на Собранието неможе тоа да го реши, дајте со министерот за финансии, со заменик министерот, односно претставниците, да видиме на каков начин ќе се реши овој проблем. Затоа што буџетот треба да се донесе, се донесе буџетот, меѓутоа и овие закони како што ни кажа се важни за тоа. Ако се важни, зошто да одиме со сила. Нема потреба да одиме со сила наметната од ваша страна. Ако вчера одевме со сила, пак наметната од ваша страна, вчера се работеше без Деловник. Ако се работеше со Деловник, прво не требаше да ни ги дадете ни тие 5 минути што ни ги дадовте за амандманите, затоа што во Деловникот тоа не го пишува. Потоа, се одеше со сила, се правеше галама, немаше никакви услови за работа, значи вие со сила го донесовте законот. Јас незнам како можете тоа да го објасните после пред ММФ и Светската банка на каков начин е донесен буџетот. И сега по овој предлог закон што го имаме за измени и дополнувања на Законот за буџетите, пак се тргнува со сила. Значи, се нема искуството од вчера, се нема искуството од завчера и сакате пак со сила сега да не натерате да го донесеме и овој закон. Што ќе правите сега, еве јас се прашувам, треба сите заедно да се запрашаме, што ќе правиме сега ние ако почнеме пак овде да го изразуваме овој начин како што го изразувавме вчера, дали ќе ја продолжите седницата? Значи, имаме проблем. Проблемот не се решава со сила и сега дајте и

10 минути ќе молчат, па сега ќе ги ускратиме и тие 10 минути. Еве, веќе зборуваме 10 минути. За законот за буџети ќе зборуваме ние 10 минути, ќе го читаме ако е потребно, затоа што ако ни беше дозволено немаше бидете сигурно ниту јас да се јавам , ниту да јават неколку луѓе, ќе се јавеа од Комисијата за буџет, ќе разговаравме 5 минути. Зошто не терате сега секој и што не е во оваа проблематика да зборува 10 минути. Ќе зборуваме, ќе го читаме ние законот 10 минути, неможете тоа да ни го скратите, ќе продолжиме со сите закони, 10 минути ако не ограничувате, 10 минути. До утре до 6,00 часот како што имаше некои предвидувања односно исцрпувачки седници, пак ќе продолжиме. Временски нема до 31 да се донесат законите, да работиме и до 31 вечерта. Значи, ние сме спремни и на тоа. Меѓутоа, пак временски нема. Еве пресметајте колку закони треба , колку пратеници се , по 10 минути. Значи, проблем постои, не се решава тој проблем со сила. Што ќе направиме сега ние ако почнеме пак со тропање и со тие работи, дали ќе се прекине седницата? Ако се прекине седницата, нема да се донесе буџетот. Значи, мора да се договориме. Ако неможете вие потпретседателке, дајте викнете го претседателот на Собранието, викнете го министерот за финансии, викнете ги координаторите од сите пратенички групи, претставник, ако не е координаторот тука, мислам дека тука е г. Ќуркчиев, дајте да видиме што ќе правиме, затоа што ова е блокада.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Балковски јас се извинувам, меѓутоа за тоа се договоривме. По завршување на оваа точка јас реков дека тоа ќе го направиме, тоа не мора допрва да го предлагате. Г-дине Балковски, втор пат ве опоменувам, ве молам околу законот. Инаку уште еднаш да ве потсетам јас јавно кажав дека по завршувањето на оваа точка ќе ги повикам координаторите да се договориме како порационално, поефикасно и подостоинствено да завршиме.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Ако е така, прекинете ја оваа точка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Оваа точка мораме да ја завршиме, затоа што така сме изгласале.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Дајте пауза.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да ја завршиме точката ефикасно и потоа да седнеме да се договориме.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Како можеме да ја завршиме ефикасно кога ние пак ќе изгубиме сега еден час.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам уште две минути имате па повелете, претрес по текстот на предлогот на законот.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Ако веќе зборуваме за ова, ако сакавме конструктивна расправа, сега ќе зборувавме и ќе имавме дискусија со заменик министерот зошто се укинува Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природа, можеби треба, можеби не, меѓутоа ќе имавме расправа ние, стручна расправа ќе имавме. Зошто се укинува Фондот за води? Дали треба да се направи, Фондот за води зошто да оди во Министерството, дали за земјоделие, или за животна средина, зошто да не се размислува за некоја агенција за води, затоа што таа може да ги собере сите ингеренции за води во секое министерство. Има ингеренции Министерството за транспорт и врски, животна средина, земјоделие. Ако фондот за води се брише од една страна и оди во некоја друга ингеренција, што ќе правиме со ингеренциите што ги имаат Министерството за транспорт и врски во однос на водите. Значи, ова е стручна расправа. Ние сакавме на ваков начин да разговараме. Меѓутоа, пак ќе речам, бидејќи не се створија никакви услови за работа, како можеме сега да разговараме за овие стручни работи. Фондот за земјоделие се брише. Земјоделците штрајкуваа, сега се брише. Требаше некое објаснување да се даде.

Не е работата ние го донесуваме предлог законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите каде многу позначајно е дека се бришат Фондот за води, Фондот за заштита и унапредување на животната средина и Фондот за земјоделие, значи тие буквално кажуваат во членот 2 тие фондови се бришат. И ние за тоа не водиме стручна расправа, не ни се воопшто објаснува зошто е тоа така, можеби на Комисија се објаснува, меѓутоа овде е Парламентот, навистина треба да се направат тие објаснувања туку едноставно пак се оди со сила, позицијата ќе молчи, а опозицијата ако молчи ќе го скратиме тоа право на молчење, меѓутоа пак со сила да се донесат овие работи, наместо стручна расправа. Да беше стручна расправа ова ќе го кажев во 5 минути, вие ќе ми објасневте, можеби ќе ве разберев. Меѓутоа, ако одиме со сила имаме проблем што не може да се реши.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Димко Кокаровски, заменик министер за финансии.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Кратко објаснување на г. Балковски. Владата не оди со сила. Во утврдена процедура беа доставени сите законски норми кои што треба да се донесат за Законот за буџет, за измена и дополнување на буџетот и останатите закони. Имавме расправи по комисиите, а тоа дали слушал од галамата г. Балковски, јас незнам кој ја правеше галамата, меѓутоа цела македонска јавност знаеше кој ја правеше галамата и тоа е чиста работа. Има време во 10 минути што да се каже квалитетно, срочено, јасно, прецизно, недвосмислено. Деловникот јас не сум тој кој што можам овде да сугерирам и да се договорам. Деловникот е донесен во рамки на законска процедура и таа норма треба овде само претседателот на Собранието да ја спроведува. Според тоа, нема потреба да не повикувате дали ние треба да се договориме како Влада, како претставници на Влада или дали треба ние со сила  да донесеме нешто. Имаше комисија, комисиска расправа, членот г. Марјан Ѓорчев е претседател на комисија за земјоделие, собраниска комисија, имавме прекрасна дебата, скоро три часа расправавме, се објаснивме и мислам дека по некој ред партиски во рамки на опозицијата издоговорена е таа работа.

Според тоа има доволно објаснувања. Но, очигледно е дека, еве можеме и на ваков начин да работиме, меѓутоа ако оцениме дека молчењето е повредно од зборовите, тогаш нека се прифати сето тоа. Ама Деловникот и тоа не го дозволува. Бара да се изјаснуваме по законски норми.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ

Почитуван заменик министре, јас се согласува со овие работи. Меѓутоа, затоа јас го дадов предлогот како да излеземе од овој проблем. А тоа што со сила се донесе буџетот, можеби вие не, моѓутоа министерот за финансии вчера во никакви услови со сила го донесе. Тој можеше едноставно да предложи да се симне точката од дневен ред за да се средат сите работи. Затоа, викам со сила го донесе министерот за финансии во договор со претседателот на Собранието буџетот вчера.

А за конструктивните расправи во комисиите, се согласувам. Меѓутоа, и овде можевме да водиме конструктивна расправа ако за тоа се создадеа услови.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Министерот и Владата се предлагачи, не носат, вие носите буџет.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Г-ѓо претседавач уште еднаш ве замолувам да се придржуваме кон Деловникот на работата . Господата кои што зборуваа претходно не се придржуваа кон дневниот ред. Ве замолувам до колку некој дискутира кој што не се придржува до дневниот ред да му забележите и да му го одземете зборот. Значи уште еднаш ве молам да се придржуваме кон дневниот ред.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Господинот Балковски по опомената дискутираше по текстот на законот.

За збор е јавен г-дин Ѓорѓи Оровчанец.

Повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Госпоѓо потпретседателке, почитуван заменик минситер, почитувани претеници,

Имаме една ситуација на крај на годината со континуирано кршење на Деловникот, со двоедување на Собранието да работи во состојба која што е недефинирана за мене. Начинот на кој можам да го изразам својот став или своето мислење веќе станува и неприроден и по се ова што се случува мислам дека сите треба да се замислиме овде, дали воопшто ние функционираме како Парламент.

Во вакви услови многу е тешко да се расправа за одредени проекти, законски, посебно кога некои работи се наметнуваат во процедурална смисла, излегуваат вон процедурата, се наметнуваат како правило кое е правило на пвоеќето во Парламентот. Правилото на пвоеќето во Парламентот е состојба која со себе повлеквуа сила и насилство, не Деловник, не прав начин на работа. И како последица на ова се доведовме до една пат позиција на крајто на годината. Јас се надевам дека од почетокот на идната 2004 година овие работи ќе ги оставиме за нас и да биде ова опомена на раководството на Парламентот тука вклучително претседателот заедно со сегашниот претседавач госпоѓата Лилјана Поповска и г-

динот Шаќири, дека ќе водат сметка на прав начин за Деловникот, а не со апстракни толкувања кои што не може ни Пикасо да ги нацрта како што можат тие да ги видат.

Ова посебно ќе го истакнам во работата на Комисиајта која што ја води г-динот Кондарко, која што ни дава такви толкувања од кои што не можеме ни 360 степени да се завртиме и да не видиме точно што се случува.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Ве молам по текстот на Предлогот на законот.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Па, морав да кажам, затоа што имав потреба.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Ве оставив со вовед, да , меѓутоа, ве молам сега преминете по законот.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

По однос на текстот на законот ќе кажам неколку работи.

Во еден дел на членови на самиот закон јас се согласувам и мислам дека се добри, за некои членови имам недоумица, а за некои имам крајно негативен став.

Ќе тргнам од крајот од членот 8, г-дине заменик министре, каде што се вика “одредбите расходи во Буџетот на Република Македонија корисниците не можат да ги прераспределуваат меѓу себе” и тоа е во ре. “ За прераспределба на планираните расходи во текто на една фискална година во рамкит ена еден буџетски корисник на ниво на стафки и програми одлучува минситерот за финансии по предлог на буџетските корисници, а за прераспределба меѓу корисницте одлучува Собранието на Република Македонија односно Советот на единицата на локална самоуправа во рамките на вкупно утврдениот лимит на приходи на буџетот:. И, тука е дилемата зошто повторно да одлучува минситерот, а да не одлучува Владата. Ова прашање можеби сте го елаборирале на други комисии , меѓутоа во Комисијата за образование и во Комисијата за здравство едноставно не стигнавме да го образложиме, а ова го сметам како негативен сегмент затоа што сметам дека ова треба да бид ена ниво на Влада, а не на ниво на министер и дека се можни злоупотреби. И, токму од тие причини ова го сметам како лошо решение.

Друга замерка, членот 2 укинување на Фондот за води и Фондот за затита, унапредување на животна средина и природата, Фондот за земјоделие, земјоделство, се бришат. Јас мислам дека на граѓаните треба да им е јасно што подразбира ова за нив, дека овие фондови се бришат. Тоа подразбира една крајна рестрективност во одредени фондови кои значат можност за избаввување од кризата на одредени сегменти, посебно мислам на земјоделието каде што преку Фондот за земјоделие можно е унапредувањето на земјоделието, каде што е можно да се помогне на околу 170 иљади луѓе кои што формално или неформално се вработени или се водат, или не се водат во списокот на вработени во оваа Република, меѓутоа тие работат, опстојуваат на земјата и произведуваат за да преживеат. Дали можевме да го направиме тој живот и таа гранка по успешни, дали можевме да ги направиме по современи, дали можевме да ги направиме поинтензивни или поекстезивни како овде, дали можевме да направиме поголемо производство кое што ќе може да го намали и дефицитот на оваа држава затоа што преку земјоделието ни е една од шансите да во голем процент, преку извозот на земјоделски, дали се тоа суровини, полуфабрикати или преработки да го намалиме дефицитот во нашиот платен биланс.

На овој начин, со ваков предлог на укинување сметам дека нема да им дадеме ни надеж повеќе на земјоделците, а камоли да им пружиме некаква помош.

Второ, укинување на Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природа. Овој тренд кој што го имавме во изминатиот период во еволуција на овој сегмент односно развивање на свеста за екологијата, развивање на културата на однесување према природата, развивање на колективната свест за нашите потреби од здрава животна средина мислам дека ги ставаме на испит или на некој начин ги прекршуваме затоа што Фондот за заштита и унапредување на животната средина е тој што треба да биде промотор како на програми, како на развивање на севкупната свест во нашата средина, меѓутоа се чини, нашата денденција со вакви преземени мерки, крајно негативна во овој смисол останува некако повеќе да не привлекува ѓубрето, повеќе не привлекува лошиот животен простор отколку да напреднеме и да евалуираме во нешто што ќе биде поблиску не само до Европа туку до нормалните, да кажам, стандарди на живеење во услови на заштитена природа и средина.

Членот 4 г-дине заменик министре, во кој се вика дека во членот 17 став 3 се брише, моето прашање е до вас, овде конкретно е, зошто? Можете да ми

одговорите, или да не ми одговорите, меѓутоа сметам дека јавноста треба да добие одговор на ова прашање.

И, две ставки околу членот 6 се исто така дискутабилни во кои што се вика: “членот 26 се менува и гласи: корисниците на средства од Буџетот може да ги користат средствата само до колку во рок од 25 дена од денот на донесвување на Буџетот до Министерството за финансии дадат годишен финансиски план по квартали за користење на средствата по сметки, програми и ставки”. Ова е технологија и сметам дека таа технологија може да биде и подобра. Зошто на овој начин се одлучиле во Министерството за финансии, тие треба да одговорат. Мислам дек аможе да се најде и подобро решение.

Се на се, или сума сумарум, овој предлог текст г-дине заменик министре или госпоѓо потпретседателке воопшто немаше да излезам и да го толкувам овде доколку , затоа што има луѓе кои се по верзирани и повеќе ги познават работите во оваа сфера од мене, а јас со мојата скромност дадов сега во овој момент онолку колку што можев, меѓутоа немаше воопшто да дојде доколку, повторно ќе се вратам, не се надминавте во креирањето на новите укинвуања на Деловникот на Собранието на Република Македонија. Доколку вака продолжиме , лошо ќе продолжиме. Сметам дека оваа година лошо ќе ја завршиме, очигледно. Па, се надевам дека следната година ќе ни биде подобра.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави г. Зоран Томиќ.

Повелете.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитувана потпретседателке, почитуван колега Оровчанец, би сакал најнапред да ве потсетам и вас но и сите мои драги колеги тука во Парламентот на Одлуката за оснивање на постојните работни тела на Собранието на Република Македонија , која е објавена во “Службен весник на Република Македонија “ број 85 од 15 ноември 2002 година, каде на страна 10 по точка 17 се набележани составот и прашањата кои ги разгледвуа Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на ова Собрание.

Под став 2 алинеја 1 се кажува дека Комисијата разгледува прашања за спроведвување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и

дава мислење за разрешување на спорните прашања. Бидејќи на неколку пати овде беше искажано, тоа беше содржано и во вашиот говор дека воаа Комисија не работела или добро или квалитетно би сакал да укажам на следното. Вчера оваа комисија токму заседаваше и тоа согласно одредбата од член 56 став 1 алинеја 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија , а по барање на претседателто на Собранието. И, сега , обрнете внимание “вов рска со појаснвуање на членот 83 од Деловникот” при што Комисијата работеше во полн состав и донесе едно сосема легитимно мислење кое го подржаа 6 члена на таа Комисија.

Не би должел, би сакал да го кажам само следното. Мислам дека е крајно време, дали координаторите, дали да се изгради став на сите овде присутни политички партии во најскоро време да пристапиме кон иницијатива за измена на одделни одредби на овој Деловник и , ќе повторам , проблемот е во Деловникот, а не во толкувањето кое Комисијата сосема легитимно и согласно Одлуката за работните тела на ова Собрание ги донесе. Значи, да се пристапи кон измена на одеделни одредби на овој Деловник, пред се, на оние кои се однесвуаат на правото на говор, времетраењето на говорите и тоа било по претрес или по текстот на законите бидејќи, тоа последните две седници и јавно го потврдија, дека токму во овој Деловник постојат недостатоци и тоа би рекол сериозни недостатоци во практичната примена токму на овие одредби и како во иднина, се разбира, би ги избегнувале или не би се доведувале во вакви или слични ситуации.

Благодарам.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата, г-дин Оровчанец.

Повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Апсолутно се сложувам дека треба да постои Комисија, немам замерки дали Комисијата се состанала, тоа не го ни кажав, меѓутоа имам замерка со Комисијата воопшто не го прочитала до крај Деловникот не го нашла членот 168 каде што изричито се зборува на кој начин се спроведува амандманската постапка и тоа е под, не треба тоа да го објаснувам, во сегментот на амандмани од член 165 па понатаму. Тоа е замерката. Замерката е практично превидување или несакање на согледување на оние членови од Делвоникот кои што ја регулираат таа работа, а повикување на членови кои што се во сосема друг контекст.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господинот  заменик министер за финансии Кокароски.

Повелете.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Само кратко, она што го правиме со измените и дополнвуањата на Законот за Буџет, што посочи г-дин Оровчанец, член 8, сакаме само да дадеме   една поголема пропулзивност, пренамените да не одат преку Влада туку да бидат во рамки на корисниците и во министерствата. Така да и ја олеснвуа процедурата и дава поголема можност во рамките на  минситерствата. Кај членот 4 односно членот 17 и онака е минситерот за финансии тој кој што ги има усогласувањата, кои што ги слуша, кој Што се усогласува правно-ормално, тој од тоа не може да избегне.

Што се однесува до фондовите, фондовит ене значи дека формално правно се укинуваат, суштински активностите продолжуваат и тие ќе бидат во рамки на ресорнит еминистерства онаму каде што се определени. Меѓутоа, лошото менаџирање, особено Фондот за здравство и Фондот за земјоделие од претходната година, овој пат не натера на тоа да направиме една таква промена за да создадеме претпоставки за еден нареден период за едно по квалитетно суштинско работење во фондовите.

Благодарам.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господин Оровчанец  реплика, повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧНЕЦ:

Благодарам за одговорот, меѓутоа сметам дека фондовите треба да се елиминираат, треба правилно да се постават и правилно  менаџираат. На овој начин повторно ќе западнеме во ситуација на функционирање во тие области со недефинирани позиции.

Благодарам.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-дин Илија Китановски.

Повелете.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Почитувана госпоѓо потпретседателке, почитуван г-дине заменик минситер, почитувани колеги,

Во знак на протест поради ограничување на демократското право на секој пратеник да се искаже во онолкава мера колку што тој самиот смета за одреден закон или било која точка од дневниот ред, дискусијата и она што навистина го имав како забелешка на овој Предлог закон за измена и дополна на Законот за буџетите, нема да ги искажам, а за да останам во рамките на точката на дневниот ред и да не ми биде одземен зборот бидејќи протестот со молчење кој се надевав дека ќе можам барем на тој начин да го искажам, ќе ми биде одземено ќе прочитам извадок од текстот на Законот кој се изменвуа, што се надевам е во рамките на темата за која што дискутираме.

Значи, се менува член 3-б "под буџетски корисници во смисла на овој закон се подразбираат корисниците на средствата од буџетот на Републиката од областа на законодавната, извршната и судската власт, во натамошниот текст корисници на буџетот."

Под 1 - корисници на средства на буџетот на Републиката, во смисла на овој закон се подразбираат институциите од областа на образованието, културата, детската заштита, социјалната заштита, науката и спортот, кои се финансираат преку корисникот на буџетот на Републиката од таа област. Во натамошниот текст единки корисници.

Член 3-е "буџетот на Републиката го сочинуваат средствата на корисниците, како и буџетите на Фондот на пензиско инвалидско осигурување, Фондот на здравствено осигурување на Македонија, Фондот за патишта, Фондот за води, Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата, Фондот за земјоделство и Заводот за вработување на Република Македонија.

Буџетот на Републиката ги содржи и приходите и трошоците од дополнителни активности на корисниците кои не се финансираат од буџетот на Републиката. Во натамошниот текст самофинансирачки активности.

Фондовите од став 1 на овој член не можат да искажат буџетски дефицит".

Член 4-в" - Дефицитот на буџетот на Републиката се финансира со земање заеми од земјата или странство, со издавање државни записи или обврзници.

Премостувањето на временската неусогласеност меѓу приливот на приходите и извршувањето на расходите на буџетот на Република Македонија се врши преку емисија на државни записи што ги издава Република Македонија."

Член - 17" - Добиените предлог на буџетски пресметки од корисниците Министерството за финансии ги оценува од аспект на нивната ефикасност, приоритетност и рационалност и врши усогласување со корисниците на програмите од аспект на потребните средства за нивна реализација.

Врз основа на извршените усогласувања со корисниците Министерството за финансии го подготвува Предлого на буџетот на Републиката и образложението кон буџетот, кое, покрај другото, содржи:

- Макро економски параметри за наредната фискална година;
- Лимит на оценети приходи и трошоци за наредната фискална година;
- Податоци за поднесените барања од корисниците...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Китаноски се оддалечивте од темата, некоја слична тема, ама не токму на темата дискутирате.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Ако ова претседателке не е темата, ги читам одредбите на законот што се менува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, но старите одредби.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Ако ова не е на темата значи Министерството за финансии не е на темата што ќе го менува овој закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тоа се старите одредби, но во ред, реков, ако може попрецизно на самата тема, на измените.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Јас инсистирам дека е ова попрецизно, здравје од ова.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г. Китановски, продолжете.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Врз основа на извршените усогласувања со корисниците, Министерството за финансии го подготвува Предлогот на буџетот на Републиката и образложението кон буџетот, кое покрај другото содржи: макро економски параметри за наредната фискална година, лимит на оценети приходи и трошоци за наредната фискална година, податоци за поднесените барања од корисниците, неусогласените ставови од преговорите, глобални податоци за планираните приходи и трошоци од самофинансирани активности организирање на начините на финансирање на дефицитот, дококу истиот е предвиден.

Предлогот на буџетот на Републиката Министерството за финансии го доставува до Владата на почетокот на месец октомври. Доколку во постапката на усогласување по предлогот на буџетските пресметки на корисниците на предлогот на буџетот не се постигна усогласеност на ставовите, министерот за финансии за тоа подготвува извештај и го доставува до Владата заради одлучување.

Член 21 “ Предлогот на буџетот на Републиката содржи:

1. Биланс на приходниот и трошковниот дел на буџетите со ставки за приходи, ставки на трошоци;

2. Функционална класификација на трошоци;

3. трошоци по раздели;

4. Посеабен дел на буџетот по корисници со остварени трошоци од претходната фискална година, одобрени ревидирани трошоци за тековната фискална година, процени за наредната фискална година искажани според економската и програмската класификација на ниво на потставки и процена на обврските за наредните две години на ниво на поткатегорија.

5. Процена за максималниот износ до кој може да се земаат заеми и издаваат гаранции во текот на тековната фискална година;

6. Лимит до кој можат единиците на локалната самоуправа да земаат заеми во текот на тековната фискална година;

7. Предлози за можните начини за надминување на дефицитот на буџетот на Републиката”.

Член 26 “По донесувањето на буџетот на Републиката министерот за финансии ги известува корисниците за средствата што им се одобрени, а корисниците ги распределуваат приходите и трошоците по одделни единки корисници.

Врз основа на известувањето од став 1 на овој член единките корисници се должни да донесат финансиски план за намените за кои што ќе се користат средствата најдоцна 15 дена од денот на известувањето. Единките корисници се должни финансискиот план од ств 2 на овој член да го достават до органот или Министерството во чиј состав се во рок од 5 дена од денот на неговото донесување.

Корисниците на буџетите на единките корисници се должни средствата од став 1 на овој член да ги користат наменски и не смеат да преземаат обврски над лимитот од одобрените средства”.

Член 30 “Корисниците на буџетот, врз основа на годишниот финансиски план се должни да изготват месечен финансиски план по сметки, програми и ставки и да го достават на одобрување до Министерството за финансии пет дена пред почетокот на месецот за кој се однесува планот.

Месечен финансиски план претставува процена на трошоците на буџетот и по неговото одобрување претставува право на трошење на средства во текот на еден месец, односно последователниот период, доколку правото остане неискористено во тековниот месец.

Корисниците на буџетот кои имаат единки корисници доставуваат збирен месечен финансиски план за корисникот на буџетот и збирно за единките корисници кои се во рамките на корисникот.

Министерството за финансии збирно го одобрува планот за сите единки корисници, а корисникот на буџетот врши натамошна распределба на одобреното право по одделни единки корисници ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Китановски, два пати ви давам знак, ги поминавте 10-те минути, ако може да ја завршите мислата и да дадеме збор на друг.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Која мисла потпретседателке? Да го дочитам ако сакате овој дел?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мислата да ја завршите.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Мислата што не ја доискажав е на почетокот и е таа дека ни е одземено како на пратеници демократското право да го кажеме својот став по законите што се

битни за Република Македонија, посебни за наредните закони по усвојувањето на буџетот, каде што навистина немаше никаква основа да бидеме ограничувани и сигурно дека немаше да потрошиме повеќе време отколку на овој начин, со сила.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Блаже Стојановски.

Не е тука.

Одиме на следниот тоа е господинот Аднан Ќахил.

Се извинувам господине Аднан Ќахил, госпоѓа Благородна Крепиева бара збор за реплика.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА - КРЕПИЕВА:

Благодарам за дадената можност да му реплицирам на колегата.

Сакам да кажам дека ние во овој момент, водиме претрес по тексто на Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Општата расправа заврши. За да знае јавноста, сега имавме можност 10 минути да се прочитаат членовите од стариот закон што се менуваат. Ние расправаме по текстот на измените и дополнувањата на законот. И тоа нема никаква врска со општа расправа или читање на извадокот од текстот на законот што се менува, што министерството, заради олеснување на нашата работа ни го дава да можеме да направиме компарација во кои делови на текстот се врши измената.

Јас мислам дека ваквиот начин и некористење на овие 10 минути за квалитетна расправа го потценува нашиот дигнитет како пратеници и нашиот интелектуален потенцијал и ја исмејува македонската јавност и познавачите на оваа проблематика.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Секој го избира начинот како ќе се изрази.

Господине Китановски, повелете една минута реплика.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Во самата реплика колешката практично се демантираше на причината поради која што реплицираше. Десет пати во репликата го спомна текстот. Ние дискутираме по текстот на новиот закон. Јас го читам текстот на стариот закон и мислам дека ако тука нема поврзаност и логика и разговор околу темата, барем ако ништо друго барем по морфологија на реченицата и на составот, тогаш не знам во што е врската или во што сум бил надвор од темата.

Инаку, јас кажав и на почетокот и на крајот од моето излагање дека, за да не ми биде одземено правото на протест со молчење, го читав оној дел од текстот што го добивме за да го искажам протестот заради одземање на демократското право, без разлика на толкување на Деловникот, барем 5 или 10 минути ќе бидат дозволени.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме понатаму.

Збор има г. Аднан Ќахил, повелете.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитувана потпретседателки, почитувани пратеници, почитуван заменик министре,

Имаме точка Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџет со Предлог на закон и би сакал неколку работи да кажам во врска со тоа, иако во изминатиот ден, изминатиот период немав можност да кажам поради ограничените дискусии, она што сметав дека е важно во областа на науката и предложените амандмани, во врска со науката, образованието. Во тој сегмент имаше многу што да се каже, но ќе оставиме за подобри времиња, подобри можности кога демократските принципи ќе бидат на соодветно ниво.

Овој предлог на закон тангира неколку работи што ми се прифатливи за дискусија, а тоа се Фондот за води, Фондот за заштита на животна средина и природата и Фондот за земјоделство што се бришат тие фондови. Би проговорил неколку зборови во врска со тие фондови, а повеќе би се задржал на Фондот за животна средина.

Според мене, има една нелогичност. Во членот се вели Фонд за заштита на унапредување на животна средина и природата. А, колку што знам, кај Фонд за животна средина гласи. Дали се работи за лапсуз или се работи за две сосема

различни работи. Тоа треба да се провери. Убеден сум дека токму насловот гласи Фонд за животна средина. Затоа што Законот за организација на органите на државната управа, по член 66, по тој закон се организираа и министерствата во Владата. По тој терк 2000 година се случи реорганизацијата. По тој терк работи сега Владата. Тие министерства постојат. Направена е шема, начин на организација и по таа организација се работи, а фондовите се дел од таа организациона шема. Сега имаме предлог за начин на дејствување каде што фондовите, вклучително и Фондот за животна средина се укинува.

Многу деликатно прашање, затоа што Законот е донесен со 2/3 мнозинство и не би требало со Закон донесен со 2/3 мнозинство да се укине со Закон за извршување на буџетот. Значи, еден закон донесен со 2/3 мнозинство, а се укинува со Закон за извршување на буџет, мислам дека друга нелогичност е тука.

Зошто тоа се прави?

Втората нелогичност во овие работи, а тука е вклучен и Фондот за земјоделие, води, екологија, животна средина итн, ако ние аплицираме во Европа, секаде во Европа фондовите играат многу важна улога. Рече заменикот министер дека имало лоша организациона поставеност. Се согласувам дека е така, но не значи дека лошата организациона поставеност е лошо во имањето на тие фондови да можат да дејствуваат. Можеби требаше да се направи друга организациона поставеност, фондовите да опстанат, да работат како такви, за да можат да генерираат средства и начини на комуникација со корисници на тие средства.

Фондот за животна средина, навремено беше лидер, водач и пример за другите фондови и во другите земји од Југоисточна Европа. Како е возможно тој фонд што беше лидер во тој дел, сега да биде оддеднаш неважен сегмент и да се префрли во животната средина? Мислам дека ова не кореспондира, ќе кажам со размислувањето и делувањето на Владата, што потполно се согласувам, тука имаме консензус, имаме децентрализација на власта на ниво на општина, во еден сегмент имаме децентрализација, надлежности се префрлаат на општините, а од друга страна надлежностите на фондовите кои генерираат многу средства се префрлаат ингеренциите во Министерството. Тука е нелогижноста. Ова треба да се преиспита.

Исто така морам да кажам дека во Министерството за животна средина и просторно планирање има Предлог - закон за организација за Фондот за животна средина. Предлог на закон. Донесен уште 2000 година. Два пати беше во процедура поради приоритет на законите од Рамковниот договор ставен за понатаму. Мислам дека требаше тој закон да се доработи, да се одработи правилно и прецизно за да

сигурно овој фонд остане. Овој Фонд има и друга димензија на важност, затоа што ако сакаме во Европа, а милувате да кажувате дека сакате во Европа, аплицираме за Европа, не можете апсолутно ама ниту еден проект да работите или да отуѓуте или да продадете фирма загубар ако нема соодветен проект за животна средина. Мислам дека со укинување на овој фонд ингеренциите преминуваат на Владата и можностите за манипулации, за застранување на основната идеа за работа на овој фонд ќе бидат толку лоши што реперкусиите во иднина ќе ги почувствуваме.

Исто така, очигледна е намерата, бидејќи фондот генерира многу пари, идеата можеби е тука, затоа што Фондот генерира многу пари, а контролата на парите да се пренесе на Министерството. Тука треба внимателно, многу внимателно да се пристапи кон тој проблем. Се работи за контрола на парите, а не на организацијата. Нема никаква пречка да Министерството за животна средина да може да контролира и Владата, впрочем и обврска и право на Владата е да ги контролира тие пари, приливи - одливи, но да контролира врз основа на што доаѓаат тие пари, на кој импут се и за што се даваат тие пари.

Ќе кажам еден пример. Своевремено, Фондот со претходниот американски амбасадор Хајник потпиша договор на соработка, исто потпиша договор и со УСАИД за соработка. Дали тие не се добри, дали не се валидни? Такво објаснување не добивме. Едноставно се бришат тие фондови.

Фондот за животна средина црпи пари од регистрација на возила. Откако ќе се генерираат во Фондот се користат за контрола за квалитет на воздухот на разни пунктови. Тоа е јапонскиот проект. Не е јасно после ова дали контролата ќе премине во Министерството за животна средина и ако е во тоа Министерство, на овој начин нема регулирано обврски со Јапонската влада, како што има поставување на пунктови, а Јапонската влада со Фондот за животна средина ги регулира односите за квалитет на издувните гасови.

За квалитетот и потребата на еколошките принципи, не би требало да говорам. Тие ни се општо познати и општо прифатливи. Но, ќе повторам дека не можеме во Европа да одиме без соодветна еколошка свест.

Треба соодветна свест во однос на здравствената животна средина. Можеби најдобрата формула беше за опстанок на вакви фондови, каде што ќе има повеќе средства и ќе се дистрибуираат соодветни проекти, а исто така, морам да потенцирам во член 1, каде се вели, поедини корисници на средствата од Буџетот на РМ во смисла на овој закон, се подразбира институцијата од областа на

образованието и науката,културата, детската заштита и тн. Морам да потенцирам, се вели од областа на науката и образованието. Па, луѓе во моменти, во ситуации каде што во однос на 2002 година науката доби многу, многу малку пари, да не кажам 100%, а оваа година се направи еден така да кажам чекор понапред односно поместување понапред од 30 милиони денари даваат за науката, начинот каде што може науката врз основа на проекти да генерира средства, да ги вклучи сите тие наши институции, токму е Фонд за животна средина. Мислам дека на овој начин ќе се ускрати, ќе се узурпира и тоа право што го имаат институциите и научните работници кои работат во сферата на заштита на животната средина. Пак ќе повторам, би требало длабоко да се замисли, добро да се обмисли оваа сиуација, затоа што со укинување на овој фонд, впрочем укинувањето и на другите фондови мислам дека не држи. Во Европа секаде има фондови за земјоделство, за води, за екологија, а има и каде што се укинати, но ние секогаш го земаме негативниот пример, а не позитивниот пример. Во оваа ситуација мислам дека Фонд за животна средина, каде што начинот на кој едноставно овдека имаме два наслова, не кореспондира со други, би требало да опстане, затоа што имаме обврска кон нашите граѓани за добра и чиста животна средина, обврска кон Европската Унија, обврска кон сите граѓани во Македонија и вон Македонија, затоа што таа максима, Мисли глобално, а делувај локално, едноставно во овој фонд веќе ќе дојде до изераз, и ќе повторам уште на крај врската, линкот во ситуации каде што нема пари доволно за наука меѓу научните институции и научните работници во областа на екологијата токму ќе се рефлектира во фонд за животна средина, а не на начин каде што се генерира власта, можната контрола на парите и циркулацијата на вакви проекти во врска со животната средина. Мислам дека овој начин на укинување на фондовите не е добар, но времето ќе покаже за следното. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Бара збор заменик министерот за финансии господин Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Да дадеме појаснување на она што господинот Аднан Ќахил кажа за насловот на фондот. Фонд за заштита и унапредување на животна средина и природата, тоа е точниот наслов и со него оперираме овдека во законот. А, суштинското делување, она што и на претходниот говорник му го објаснував, на Оровчанец, тие ќе бидат во рамки на програми во ресорните министерства, транспарентно, јавно, јасно и ќе се

извршуваат функциите и трошењето на парите за намените кои што се во тие програми.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика има господин Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Во принцип се сложувам со заменик министерот за овие работи и токму во таа насока ми беше дискусијата. Ако во иднина, а не сега да се објаснуваат тие работи, има танспарентно работење, начин на работење и дека тие пари и проекти ќе се дистрибуираат на соодветен начин регулиран со законот, зошто тоа не се направи во организацијата на сегашиот фонд, тука да се направи таа дистрибуција, тој начин на транспарентно работење, со цел да опстане овој фонд. Зашто, фондовите се многу важна работа за дистрибуирање и организаија на вакви проекти, не само кај нас и во светот, а како што милуваме и во Европа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Јас сакав да реплицирам на господинот Аднан Ќахил за воведниот збор и во делот каде се повикува за Европа од еколошки аспект.

Господине Ќахил во воведниот збор вие прашувата и се повикувате на демократски начела односно на демократски принципи. Во оваа насока, би сакал да ве прашам дали сте свесен колку материјална штета сте направиле на Парламентот во текот на вчерашниот ден со вашите дејствувања преку тоа што сте уништиле опрема, опремата за слушање сте ја уништиле.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине, вашето говорење не е реплика.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Зборуваме за демократските принципи, ве молам. Зборувате за еколошкиот аспект и одењето во Европа. Знаете господине Ќахил, дека со вакви мислења и со

вакви дејствувања Европа нема да можете да ја видите ни во географска карта, ниту пак да одите таму како членка на Европа. Во оваа насока би преферирал на 13 јануари да одите во Делчево на маскенбал или во февруари во Струмица и да учествувате во маскенбалот во Струмица. Разбравте за што се зборува. Се зборува за фракцијата која што се појавува во партијата и тоа е сета ваша нервоза, вчерашна нервоза.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ова не е во прилог на конструктивна расправа.

Повелете господине Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Ќе бидам мошне кус. Очигледно господинот Талат Џафери не ја разбрал димензијата на демократичност, јас зборував за принципите на еколошката свест. Ако мисли Талат Џафери дека ова лупање е екологија, тоа зависи од неговата едукација. Јас сум навреден што мене господинот Талат Џафери ме упатува на маскенбал, а можеби тој би требало да оди на маскенбал. Вие треба да прекинете, затоа што ова беше многу голема навреда, а јас не го навредив него и не може да ме упатува мене да одам на маскенбал. А, дли имало фракции во ВМРО-ДПМНЕ и дали има нешто друго, не е негова работа, бидејќи јас не се обидувам, ниту сакам да размислувам  во таа насока, дали има фракции во ДУИ или дали ДУИ размислува европски и дали на картата нема да ја видам Европа. Извинете, тоа е апсолутно навредливо. Вие требаше  да прекинете таква дискусија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас токму затоа и во неколку наврати го прекинував господинот Џафери и мојот коментар го слушнавте. Уште еднаш ве повикувам да бидеме конструктивни.

Сега е точно 14,00 часот. Давам пауза до 15,30 часот, со тоа што ќе ве молам во 14,45 минути координаторите и Претседателството да се сретнеме во Охридската сала и ве молам дотогаш да се обидеме да ги усогласиме ставовите, да се договориме како ќе работиме. Тоа ќе биде во Охридската сала, малата сала и тоа во 14,45 часот.

Благодарам.

(По паузата)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжувме со дискусии.

За збор е јавен господинот Жарко Караџоски.

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпреседателке, почитувани претставници на Владата, колеги прартеници,

Да го искориситме правото кое ни го дадовте да продискутираме по однос на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите и тоа во фазата на расправа по текстот на законот. Јас ќе се држам токму до расправата по текстот на законот.

Ако го читаме текстот на законот и од сите дискусии и од сите оние забелешки кои можвме да ги слушнеме најмногу ни е спорен членот 2, а членот 2 е спорен затоа што овој закон Фондот за води, Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата и Фондот за земјоделство се бришат. Да не стане забуна дека се бришат како поими, но станува збор дека овие фондови нема да имаат посебни буџети, како што беше досега, кои биле составен дел на Буџетот. Претходно имавме еден буџет со составни делови, Буџет на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување, Фондот за патишта и тн., што значи дека со овој буџет кој што сега го изгласавме, Фондот за здравствено осигурување и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ги задржаа сопствените буџети како посебни делови на Буџетот, додека со членот 2 на овој закон, овие други фондови кои што ги напоменав, сега влегуваат во централниот буџет, поточно во делот на нивните ресорни министерства. Значи, Министерството за земјоделство, животна средина и тн., што значи дека овие планирани средства поставките на тие министерства, го сочинуваат и средствата што би биле во однос на овие работи, во однос на фондовите. И, сега, тоа не би било некој проблем, доколку приходите на фоднот и целта поради кои што тие беа формирани, односно основани, беше да бидат само една категорија или една самостојна институција, која што главниот приход ќе го имаше од буџетот. Меѓутоа, тоа не беше така, затоа што фондовите имаа и други сопствени приходи и сосема други намени, кои што можеа самостојно, независно од утврдените планови во Буџетот во делот на расходната страна, да можат да делуваат во правец онаму каде за што и беа основани.

Јас, почитувани пратеници, во претходнот состав на Парламентот кога прв пат се предложи и се достави буџет, каде што буџетот беше составен на принцип на

централен буџет и буџет со овие фондови, навистина, пофалив една таква идеја, затоа што сите ние како пратеници имавме можност да видиме точно во секои од овие посебни буџети колкави средства се предвидени, за какви цели и каде би се трошеле. Имавме една поголема прегледност. Значи кои би биле намените и тн. Таквата идеја, навистина, ја пофалив, затоа што и во расправата, но и во самата пракса се виде дека таквиот начин дава резултати. Сега и не би било чудно, а би било чудно онаа влада која што го донесе таквиот буџет, да речам, со тие посебни, па го измени, би било чудно. Меѓутоа, не е чудно кога друга влада на нејзин предлог го прави ова што го прави, затоа што таа влада си има некоја своја политика. Но, ние мора да соопштиме и да кажеме дека во овој правец сметаме дека Владата греши.

Сите образложенија ги слушнавме и од почитуваниот министер, поточно заменик министер и од министерот за земјоделство кога во многу наврати зборуваше за Фондот за земјоделство, па и за Фондот за води, меѓутоа јас морам да ја повторам односно да истакнам една работа која што во пракса се случуваше а која што  овие фондови одиграа една значително позитивна улога. Сите ние бевме сведоци кога во Република Македонија имавме, како што и сега ни се случува, одредени ситуации на криза што во земјоделството, што во снабдувањето со вода и тн., и кога благодарение на средствата кои што ги имаше во фодновите и благодарение на тоа што фондот стоеше како фонд се вршеше интервенција во оние делови, каде што можеше да се помогне на таа категорија на граѓани. Да не ве потсетувам, преку тие фондови, конкретно преку Фондот за земјоделство се вршеше субвенционирање на одредени земјоделски производи. Јас добро се сеќавам кога министер за земјоделство беше господинот Марјан Ѓорчев и кога овој фонд работеше под своја, кога во многу наврати во РМ во тој период се случуваа работи, кога беше една јака зима со многу ниски температури, па кога се случи замрзнување на грозјето и тн., благодарение на тоа преку овој фонд се вршеше субвенционирање за надомест на штета на тоа што се случи во лозарството. Исто така, благодарение на тој фонд со тие средства што фондот располагал, покрај буџетските и оние неговите сопствени, се изврши субвенционирање на тутунопроизводителите. Па, ни се случи претходната година во годината пред изборите пред 2002 година, прв пат во РМ да се изврши субвенцирање со давање по 30 денари по килограм на суров тутун за субвенционирање и стимулирање на тутунопроизводството.

Идејата на тогашната влада и на тогашниот министер за земјоделство, беше токму во правец овие фондови да служат за стимулирање и зголемување на производството на одделните земјоделски гранки, кога веќе зборувам за Фондот за

земјодество и сега сметам дека укинувањето, поточно бришењето со еден ваков член на токму овие фондови, повторно се враќаме онаму назад каде што претодно бевме. Значи, ова е дилема која сакам да ја истакнам по однс на членот 2.

Можеби, почитувани пратеници, нашата вина е што не поднесовме амандман да се брише овој член 2. Меѓутоа, како тргна со амандманите, добро е и што не го поднесовме, зашто најверојатно не ќе имавме време да го образложиме, согласно одредбите од деловникот, кој што некој ги толкува како што ги толкува. Тоа е едната причина.

Втората причина е што не поднесовме амандман, затоа што навистина бевме зафатени со Централниот буџет и со нашето настојување таму да ги насочиме силите, за што контра одговор добив од позицијта дека бадијала ги насочувате силите, ние имаме начин како тоа да го елиминираме.

Ако сега постоеше амандман на членот 2, за жал  Деловникот не ни дозволува да поднесуваме амандмани во текот на распавата, некое право што претходно го имавме со претходните деловници, но деловникот е таков каков што е, некој овде вели дека вие сами си го донесовте, бевте пратеници во претходниот состав. Јас само една работа да исправам тука, деловникот се носи со двотретинско мнозинство и не го донесе сам ВМРО-ДПМНЕ, туку и пратениците на тогашната опозиција, поточно СДСМ. Значи, сите сме одговорни односно одговорни се пратениците од претходниот состав. Значи, доколку би имало амаднман, да бидам искрен, не би гаел надеж дека тој амандман ќе беше прифатен. И, заради тоа што сега немаме амандман, ние го користиме ова право да објасниме каде ја гледаме слабоста што се однесува до членот 2. Се разбира дека Владата има право, за разлика од нас пратениците, согласно Деловникот амандман да може да поднесе и до заклучување до претресот, што во неколку наврати го прави. Дали тоа ќе го направи не верувам но еве како една сугестија нека стои од моја страна.

Е сега, паралелно со укинувањето на овие фондови, ако го гледаме членот 2, веднаш ако го погледнеме членот 1, пак таму се работи нешто слично, значи се префрлуваат средства од буџетот во рамките на посебни буџети, како што е делот со судскиот буџет, образованието, науката, културата, детската заштита, што во секој случај е добро и е во согласност со законските измени, за кои што сите се декларираавме во процедурата за самостојно судство и што овде сите ние слушнавме од претставникот на судската власт, од господинот претседател на Врховниот суд, го искажа тоа задоволство, затоа што му овозможивме преку посебен судски буџет да има увид што добиваат, што губат, а да имаат и начин како да

влијаат во креирањето на тој буџет. И, таквта работа, која што сега со овој закон сега со овој закон се прави, веднаш придонесе тој судски буџет оваа година, за разлика од минатата година има повеќе приходи за тие намени за некаде од 15%.

Еве една работа за која што сега одиме контрадикторно. Значи, од една страна ги укинуваме овие, од друга страна добиле пофалби, а од друга страна доаѓаат негативните реакции. Што се однесува до тие два члена толку.

Членот 3, тука имаме една дилема почитуван заменик министер, ние на Комисијата за финансирање и буџет што заради интерес на времето, што заради опсежните дискусии по однос на Буџетот многу, многу не обрнавме внимание на овој закон, го поминавме скоро без дискусија. Можеби навистина требаше таму да ги расчистиме овие работи, но секогаш се дава приоритет на Буџетот, овие малку закони што ги гледале со некоја резерва и можеби и денеска така ќе беше доколку не се случеше ова со 10-те минути ограничување. Да бидам искрен не натеравте да ги читаме  во времето овде. Инаку можеби немаше воопшто да дискутираме. Членот 4-в по ставот 2 се додава став 3 кој гласи: “Начинот и постапката за издавање и исплата на државните записи го утврдува Министерството за финансии во соработка со гувернерот на Народна банка на Република Македонија”. И сега ако погледнеме во членот 4-в, значи во ставот 2, ова е сега став 3 кој што се додава, таму се зборува за премостувањето на временската  несогласност меѓу приливот и приходите, извршувањето на расходите на Буџетот се врши преку емисија на државни записи кои ги издава Република Македонија. Моето прашање би било, дали ова треа да се даде во ресорот на Министерството за финансии, поточно дали таквото право треба да го има Министерството за финансии во соработка со Народна банка, или пак таквото право треба да го задржи Владата. Сметам дека преголеми овластувања на Министерството за финансии, или пак таквото право треба да го задржи Владата. Затоа што досега незнам дали беше право на Министерството за финансии, бидејќи немаше јасна одредба. Тоа е дилема која можеме да ја расчистиме. Со овој закон се додаваат, поточно се менува членот 26 и членот 30 и 33. Главното образложение, предложените измени значи на членовите 26 и 30 се предлагаат со цел да се унапреди финансиското планирање во 2004 година со што би се постигнало буџетските корисници наместо месечно, да планираат за период од три месеци. Значи повторно ќе се вратам на она што го кажав која како Влада доаѓа, така си кажува. Една влада бара планирање на месец, друга влада бара тоа планирање да не биде месечно, туку во рок од три месеци. Сега нормално ние како пратеници можеме да поддржиме и едно и друго. Владата нормално цени дали е тоа подобро,

или полесно. Со оглед на тоа што образложението во предлогот на Владата се смета дека на овој начин ќе се унапреди финансиското планирање, ајде да веруваме дека и така ќе биде.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Ќе биде сигурно.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас би сакал да е сигурно и во ред е да биде сигурно. Но јас само морам да потенцирам, зошто постојат вакви разлики помеѓу две влади на Република Македонија, од која појдовна основа тргаат, или која е таа оценка, или состојба што едната ја натерала да бара планирање на месец дена, а другата на три месеци. Можеби некоја трета влада, доколку дојде третит пат може да каже дека тоа планирање ќе биде на шест месеци и така до недолгед. Сепак, тука треба да има некои критериуми врз основа на кои што се заснива таа работа. Сигурно дека Владата се водела од сопствени критериуми и дај Боже да биде сигурно како што вели заменик министерот. Моите забелешки се тие.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам госпоѓо потпретсеател. Господинот Караџоски зборува за Фондот за води, за Фондот за земјоделство и за субвенции на земјоделските производи. Добро е што зборува за тоа. Тоа е иницијатива за која што ќе можеме преку пратенички прашања во тоа време и да зборуваме, да се види кои средства и колку средства се употребиле за оваа намена кога се знае дека Фондот освен Министерството за земјоделие бил како посебна институција. За ас ќе биде добро да видиме каде отишле тие средства од тој фонд. Јас верувам дека врз основа на злоупотреба на да речам можна злоупотреба и гледајќи го овој проблем, значи односното министерство предложило фондот да оди под Министерството за земјоделие. И се поставува прашање, Караџоски вели за субвенциите во лозарството и во производството на тутунот. Меѓутоа, колку субвенции се дадени за производите, или за земјоделски производи во полошката долина, во Струга, во Кичево, и тн. Зошто ако се зборува начелно за некоја обврска, тогаш начелото е

обврска на државата и е на ниво на регион, а не само на една од гранките на производството. Можноста, или неможноста на давање на амандмани во парламентарна постапка како право само на Владата која што може да интервенира во секој момент до затворање на постапката за разгледување  на Предлог-законот е прашање кое во претходниот парламентарен состав со демократско мнозинство, значи на претходното демократско мнозинство е усвоено во Деловникот тоа што го имаме пред нас и врз основа на што и зборуваме и работиме. И еве, оваа блокада и овој начин на работа на Парламентот е уште една потврда плус дека Деловникот бил врз политички основи и ставови и во практика има многу мани и ние признаваме дека Деловникот има недостатоци и во правец на давање на амандмани и во секој степен на делување. И во таа насока јас си земам за право лично право да речам дека ги поканувам сите пратеници да покренеме иницијатива за изменување и дополнување на Деловникот на Парламентот, меѓутоа измена и дополна во сите области кои што ги допира Деловникот, како употреба на јазикот, или парламентарната постапка и тн. Значи, пристапот кон проблемите да биде среден.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За одговор, господин Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Џафери јас во мојата дискусија толку време за Деловникот не потрошив колку вие во репликата. Се разбира дека секоја добра иницијатива е во правец за подобрување на деловничките прашања е добра иницијатива и никогаш не би требало да биде спречувана, затоа што времето го кажува своето, што е добро, а што лошо.

По однос на субвенциите и што се работело во фондовите, тука можам да се сложам со вас, ако се декларираме заеднички јас и вие дека двајцата сме за функционирање на правната држава. Во секој случај вие сте власт во Република Македонија преку вашата Влада која ја поддржувате и никој не ве спречува преку институциите, односно се она што го има власта во свои раце да го испита она за кое што се сомневате. Јас за тоа воопшто не дискутирав. Јас зборував како институции кои би можеле и што би можеле тие фондови да направат. Не зборувам за злоупотреби, затоа што злоупотреба не е некоја непозната именка и за било која друга влада.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувани колеги, почитуван заменик министре, пред нас е Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите. Закон како закон има 10 члена, почнувајќи од првиот член кој што претрпува измена и тоа во делот каде што се вметнува судството и обвинителството, доаѓаме во една точка каде што дали случајно, или намерно, сакам да го слушнам министерот да ми одговори, се заборава една голема област од живеењето во Република Македонија, а тоа е спортот. Како човек кој доаѓа од една федерација, спортска федерација, јас би сакал да го слушнам објаснувањето. Се обидов преку неколку амандмани кои синока беа одбиени и кои не успеавме да ги образложиме, истите тие амандмани видов и добра желба кај колегите пратеници од позицијата, вклучувајќи го и господинот Иван Анастасовски, но и неговите амандмани беа глатко одбиени. Незнам за што се работи. Би сакал да видам она што се променува, тоа е член 1 за кој што сакам да говорам. Членот 1 го заменува членот 3-б, или ставпот 2 кој во случајот гласи: “Од единки корисници на средствата од Буџетот на Републиката во смисла на овој закон се подразбираат институциите од областа на образованието, културата, детската заштита, социјалната заштита, науката и спортот кои се финансираат преку корисникот на Буџетот на Републиката од таа област. Во натамошниот текст единки корисници. Член 1 од овој Предлог-закон стои под единки корисници се подразбираат институциите од областа на образованието и науката, културата, детската заштита, социјалната заштита, судството и обвинителството кои се финансираат преку корисникот на Буџетот на Републиката од таа област. Во натамошниот текст единки корисници. Значи, незнам дали е направена случајна, или намерна грешка, но спортот во член 1 едноставно е избришан. Зошто спортот го нема, треба да им се објасни на спортистите. Ако некој мислел дека во моментот јавното претпријатие за стопанисување со деловен простор, или пак Агенцијата за млади и спорт дека се тие кои што треба да водат грижа за спортот, одиме во ситуација во ставката од Буџетот каде што стои спорт да има намалување за цели 70 милиони. Значи, и онака во спортот во моментот се случуваат катастрофални работи кога многу наши селекции од кадети, јуниори во најразлични селекции тргнале на пат и не стигнале никаде, затоа што немало финансиски средства, се откажале многу учества на европски првенства, се откажале учества во

квалификации, многу наши спортисти тргнале и останале по аеродромите во Европа, затоа што на време нивните федерации не обезбедиле визи, не обезбедиле средства и пред нас е олимписката 2004 година кога македонскиот олимписки комитет беше во состојба да издаде две, или три државјанства да можеме со руски претставници и претставници од некои други држави успешно да го репрезентираме македонскиот спорт и првата прилика да се случува олимпијада во една наша соседна држава, едноставно да не најде во ситуација комплетно да бидеме неспремни за оваа работа. Значи, спортистите гледајќи го и ова што го предложив вчера и она што беше предложено и предадено на господинот заменик министер во кое што можеше да се види дека после 15 јануари спортските сали едноставно ги затвораат вратите за спортистите. Јас очекував дека токму тука ќе се најде решението, дали тоа ќе биде Агенцијата за млади и спорт преку која што ќе се трансферираат некои средства од Буџетот. За она што еве година ипол се декларираме дека сакаме да им помогнеме на младите, широко да ги отвориме вратите на спортските сали и да почнеме борба против она што значеше пороци, дрога, алкохол и сите други проблеми кои што младите ги тиштат. Еве, вработувањето гледаме дека апсолутно не можеме да го решиме. За жал, бројот на невработените се зголемува од месец во месец. Ако го постигнеме и ова за спортските сали сега ги затвориме, ако здруженијата кои што се занимаваат со спорт, ако спортските екипи се носат во ситуации едноставно да преживуваат и секој ден нивните најдобри спортисти да ја напуштаат државата, тогаш ни се случува нешто многу страшно. Јас многу добро се сеќавам на зборовите на премиерот Бранко Црвенковски дека едноставно никој од политичарите не смее да се меша во спортот и вие сите тоа буквално го сфативте. Така што спортот го оставивте како истресок, или исцедок кој уште малку може да има сила да проба нешто да заживее, но за жал мислам дека е крајната ситуација некој да се размисли за овој дел, затоа што успесите и триумфите на нашите екипи, на нашата репрезентација не прави горди и тие спортиски се оној дел од државата кои што не репрезентатираат најдобро било каде во светот. Но во ситуацијата и она што беше малку дадено во минатиот Буџет каде што имаше огромно намалувања, вие сега го сведовте на ништо. Значи, со овој предлог-закон дури и во членот 1 и спортот повеќе и не постои. За што се работи, треба да им објасниме на спортистите. Јас во оваа ситуација барам од заменик министерот ако може да го објасни сето ова. Мислам дека ситуацијата со Агенцијата за млади и спорт воопшто не е решена. Да не говориме со Јавното претпријатие кое час поскоро треба да се затвори, затоа што освен лични

доходи и оние затвората на вратите и капиите за спортистите апсолутно ништо не направи. Господата на оние сали  и објекти кои што се направени со месниот самопридонес од граѓаните на Република Македонија во овој момент изигруваат газди и стопанственици кои што ги затвораат, едноставно поставуваат катанци на вратите и спортистите ги бркаат од салите.

Дали на ова има крај, дали некој сека да го види ова, незнам.

Друго што би сакал да проговорам, бидејќи моите колеги говореа доста, во однос на овие фондови од член 2, а посебно би сакал да кажам за Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата. Ако го гледате Министерството за еколонигија, тука имаме намалување за цели 100 милиони и колегите што беа присутни на последното советување каде што ни беа објаснети законите, со кои што Макеоднија треба да се приближи на полето на еколонијата со овие закони да бидеме блиску со Европската унија, видовте дека има голем број проблеми  за кои што не да ги намалуваме средствата, туку едноставно сите треба да се вклучиме, да се ангажираме затоа што треба да ги обезбедиме тие средства и едноставно да обезбедиме посебно од овие индустриски објекти за кои што знаеме во кое време се формирани и која е нивната заштита по однос на екологијата која што ја бара Европската унија, а ние цело време се стремиме и треба да се движиме, можеби ќе ни треба 10, 20, 50 години, но како што кажа министерот за екологија за неговите намери да прави десулфуризација во РЕК “Битола” , незнам дали и половина буџет од делот што е индустрија треба да се пренамени во Секторот министерство за  екологија затоа што се чини нема сознанија што тоа значи.

Колку ние во моментот имаме побарано такви средства да добиеме од нашите соседи, посебно од членката на Европската унија која што треба да ги обезбеди дел од овие финансиски средства за да можеме да ја релизираме, едоноставо, таа програма и преку овој Фонд, тука посебно би се задржал на неколку пати кажаните работи за депониите во Република Македонија, начинот за нивното решавање, едноставно искористување на тие работи. Значи, вклучување на странски инвеститори кои ќе можат да обезбедат дел од тие депонии да ги решиме.

Дали сето тоа ќе го решиме прашање е на време и прашање кога и како ние бараме и колку бараме. Законските решенија можат да бидат прекрасни, ако не се поткрепени со финансиска поддршка,. тогаш господа гориме за некои закони кои едноставно не се применуваат. Истото важи и за спортот, истото важи и за екологијата, истото важи и за земјоделството кои оваа година, незнам, мислам дека Владата едноставно им објави војна и едноставно мисли дека со тие донации што ги

имаше, дека беа премногу за земјоделците и сега дојдовме во ситуација да ги убедуваме дека ако оваа година зеле 50 или 60 денари за тутунот тоа повеќе отколку 140 што зеле пред 2 години. Или, пченицата беше платена по 13, сега по 8 денари, од нив половина се плаќа во трици, кои се поскапи од пченицата.

Затоа господа, не е се во овие закони што треба да се донесат, треба да ги реализираме овие работи.

Во членот 3 гледаме дека се додава уште еден став 3 во ставот 4-б 2 по ставот 2 каде што ... колешке, незнам, ако ви е толку смешно, ... имате друг муабет, ќе ве почекам, не е проблем (се обраќа на некој од пратениците).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, без дискусии времето измина, ако можете да ја завршите мислата.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Незнам, ако е толку смешно, да прекинам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, ве молам, колега Мавровски, ве молам, не обрнувајте внимание, има ред во салата.

Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Госпоѓо потпретсеателке вие ја водите седницата ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, да, токму така тка е.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ако некој упорно се смее тука, 5 минути.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Не, не, во ред, вие си го гледате својот говор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Незнам, тогаш се е  во ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски, благодарам.

Одиме понатаму, господин Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани преставници на Министерството за финансии, почитувани колеги пратеници,

Денес на дневен ред го имаме Предлог-Законот за изменување и дополнување на законот за буџетите кој што е директно поврзан со реализацијата на Буџетот на Република Македонија , кој што беше донесе во процедура каква што беше донесен и за кој навистина ова Собрание односно Парламентарното мнозинство се однесуваше на начин кој што не доликува на паламентарно мнозинство.

Меѓутоа, независно од тоа, независно и од тоа што денес еве се ограничува позицијата 10 минути, јас сакам да ги искажам моите оценки, моите ставови по однос на овој Предлог-Закон.

Согласно член 1 од Предлог-Законот за изменување и дополнување на законот за буџетите ставот 2 на членот Б се менува и под единки корисници на средствата од буџетот на Републиката ги подразбира инстутуциите од областа на образованието и науката, културата, детската заштита, социјалната заштита, судството и обвинителството кои се финансираат преку корисникот на буџетот на Републиката од таа област. Значи, како еден од корисниците на Буџетот на Републиката се појавува судството. Ние пред определен временски период на овој Парламент го имавме Законот за судски буџет каде што власта многу силно тогаш најавуваше дека ова претставува целосно осамостојување на финансирањето на судовите во Република Македонија, основа за нивно независно работење и т.н. и.тн.

Со овој Предлог-Закон дефинитивно излегува на површина она што беше донесено со тој закон, а тоа е дека судскиот буџет не претставува ништо друго туку само дел од Буџетот на Република Македонија. Значи, судовите се единки корисници на Буџетот на Република Македонија исто како што се и училиштата односно Министерството за образование и наука, потоа културат, потоа детската заштита, сицијалната заштита, обвинителството.

Значи не можеме да зборуваме за финанскиска самостојност на судовите. Е, сега, ако не можеме за финансиско осамостојување на судовите, како тогаш може да

зборуваме за вистинско поставување на судската влас во системот на подделба на власта во Република Македонија, затоа што согласно Уставот една од темелните вредност е поделбата на власта на законодавна, извршна и судска. Парламентот се претвори во верификациона комисија на предлозите на Владата како гласачка машинерија на предлозите на Владата без дискусии или без можност да влијае на текстовите на законите и предлозите од Владата, се стави целосно во функција на извршната власт. Извршната власт е концентрирана од стрна на елитите на партиите на власт, а судството нема своја независност затоа што неможе да зборуваме за независност на судството кога средствата што ги користат судовите директно се црпат од Буџетот на Република Македонија , а Буџетот на Република Македонија го извршува Министерството за финансии.

Значи, судовите директно ќе зависат од начинот на полнење на Буџетот, од користењето на средтвата од Буџетот и самите расходи кои што се вршат од Буџетот треба да поминуваат само како средства кои што ќе му бидат дадени на телото кое што ќе треба да одлучува за користењето на тие средства. Меѓутоа, полнењето на судскиот буџет и неговата независност во однос на државниот буџет по однос на буџетот на Република Македонија апсолутно не е поставена на начин кој што може да преставува независно работење на судската власт.

Исто така, овде би напомнал кога се зборува за овој дел, обвинителството каде што се појавува исто така како корисник на средствата на буџетот е ставено во една дискриминациона позиција, дискриминирана позиција во однос на судовите. Имено, што сакам да кажам, кога се работи за износите кои се однесуват на исплата на платите на судиите, pауша лот кој што им следува на судиите е внесен во платата и на него се плаќаат придонеси. Кога се работи за обвинителството тој паушал е внесен само како паушал меѓутоа не претставува основ за исплата на придонеси и како дел од платата што треба да ја примаат јавните обвинители.

Од овој дел по однос на ова неможе нитшто друго да се каже освен дека има еден недоследен однос или непринципиелен однос на исти прашања кога се работи за различни субјекти, корисници на средствата од буџетот.

Укинувањето на Фондот за води, Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата и Фондот за земјоделците. Што значи, дали политиката на концентрација на средствата по поедини министерства која што ќе значи концентрација на средствата во рацете на корисникот на тие сресства, министерот односно Министерството ќе преставува подобра ситуација и можност за водење на подобра политика во Република Македонија во областа на

водостопанството, во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина и природата или во областа на земјоделието. Јас ви гарантирам дека тоа не е добро. Не е добро да се концентрираат средтвата само во рацете на министерот, а многу е подобро доколку постои Фонд кој што има свој Управен одобр, кој што има свој директор и каде што навистина врз основа на програми кои што ги имаат и планови за нивна работа, средства кои што ќе бидат одобрени од Владата и од сооветните министерства тој фонд ќе може да ги користи тие средства на целосно дефиниран начин и за точно поставени потреби и приоритети во однос на конкретната област од каде што има надлежност тој фонд. Затоа што, ако зборуваме за потребите доволно е само да се кажат какви хаварии имаше во Саса и ден денес имавме тука и една информација по однос на лизгањето на тоа јеловиште, и откако ја дискутиравме таа информација на овој Парламент досега немаме добиено ништо повеќе од она што го дискутиравме во однос на информација за тоа што е преземено по усвојувањето на заклучоците на овој Парламент, а тоа беше должно и беше дел од залучоците кои што ги донесе овој Парламент  и со кој што го задолживме Министерството за животна средина и просторно планирање да ни доставува информации за преземените мерки и активности во овој правец. А, да не зборуваме со какви се тешкотии се соочуваат жителите во тие подрачја кои беа зафатени со тие еколошки проблеми.

Во однос на членот 3 од Законот каде што стои дека по членот 4.2 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи дека “Начинот и постапката за издавање и исплата на државните записи го утврдува Министерството за финансии во соработка со гувернерот на НБМ, имам забелешки во поглед на дефиницијата кој е начинот на остварување на оваа соработка помеѓу Министерството за финансии и гувернерот на НБМ затоа што начинот, постапката за издавање исплата на државните записи треба да се дефинира со акт кој што треба да биде донесе од Министерството, меѓутоа во соработка со гувернерот на НБМ.

На кој начин Министерството за финансии ја остварува оваа соработка и што доколку гувернерот во една претпоставена ситуација има спротивен став од Влдата или обратно, Владата не сака да го почитува неговото мислење. Тоа доколку е усогласено е добро, меѓутоа уште подобро ќе биде доколку формално правно бидат дефинирани ситуациите кои што би можеле д апроизлезат доколку би се појавила ситуација на различни ставови по однос на овие прашања.

Во членот 4 од овој Предлог-Закон стои дека членот 17 став 3 се брише. Јас сакам да ви го прочитам ставот 3 од членот 17 кој што се брише затоа што сакам да

знаете за што се работи. Во него стои :" доколку во постапката на усогласување по Предлог на буџетските пресметки на корисниците на предлогот на буџетот не се постигне усогласеност на ставовите минситерот за финансии за тоа подготвува извештај и го доставува до Владата заради одлучување". Ова што значи? Ние ја биршеме надлежноста на Владата да одлучува во ситуација кога не постои усогласување по Предлогот на буџетските пресметки и се дава неограничо право на министерот за финансии тој самостојно, без при тоа да може Владата да реагира, да носи одлуки кои што ќе произлезат од проценките на Министерството за финансии, без претходно да се води сметка за мислењата на останатите корисници на буџетот, на кои што треба да ги користат овие средства. Со тоа единствено што се прави е дека се намалува влијанието на поединечните министерства, односно корисниците кои што се во состав на тие министерства да влијаат на начинот и постапката и усогласеноста по однос на усогласувањето, по однос на трошењето на средствата а и се остава една целосна моќ на минситерот за финансии тоа да го прави самостојно без притоа да има обврска да се донесе одлука на Влада по однос на ова прашање.

По членот 26 , членот 6 од Предлогот на Законот каде што стои членот 26 се менува и гласи се вели дека корисниците на средствата од буџетот го имаат од единки корисници должни се до секоја единка, корисник во рок од 5 дена од денот на донесувањето на Буџетот да достават извод од Годишниот финансиски план по сметки, по програми и ставки во кои се содржани средствата наменети за одделните единки корисници. Ова малку ми е чудно затоа што Буџетот се изгласа на легитимен, или незнам каков друг начин, затоа што процедурата не беше почитувана, а тоа треба да се запрашаме сите ние како Парламент тука зошто дозволуваме такви состојби да се носат акти кој што може да бидат проблематизирани во иднина. Значи Буџетот се донесе вчера на каков таков начин и од тој ден, односно од денот на објавувањето на Буџетот затоа што сите акти влегуваат со денот на објавувањето во "Службен венсик" треба да поминат во рок од 5 дена сите овие буџетски корисници треба да достават финансиски планови, годишни финансиски планови со цел да се реализира оваа одредба од овој Предлог-Закон. Ако знаеме дека утре сме 30 или под претпоставка денеска или утре да биде објавен Буџетот, тоа значи дека рокот кој што му се дава со овој Закон ќе помине на 03. или 04 или најдоцна на 05. јаунари идната година, а сите ние знаеме дека неработни денови се 1 и 2 јануари, а имаше одлука тука на Владата 5 и 6 да не се работи, што значи дека се случува една ситуација во која што годнишни финансиски

планови се проектирани фактички со самото подготвување на буџетот со цел да можат во него да се наведат износи кои што ќе бидат потребни на тие буџетски корисници, а од друга страна се дискутира по самиот буџет на овој Парламент, се даваат можности за поднесување на амандмани за кои што не се дава можност да се изјасни опозицијата и т.н. и .т.н. и се доведува во прашање што е она, ние што го правиме тука како Парламент ако веќе претходно имаме нешто што е целосно дефинирано и што неможе да се менува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Стојаноски изминато е времето. Јас двапати ве опоменав ако сакате да прекинете.

Благодарам, збор има заменик министерот за финансии Димко Кокароски.

Повелете.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Јас само имам едно кратко објаснување до господинот Стојаноски.

Воопшто кога ја носевме стратегијата како Влада за емитување на државни записи во подготовката за нејзината операционализација и стартување што е предлог предвидено и во Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетот не одиме на никакви претпоставки. Тоа е се покриено со процедури, со одлуки и ова е нов инструмент кој што ќе го промовираме, збогатуваме финансиски пазар со нов инструмент и треба да создадеме претпоставка за нов инструмент догодина, долгорочните обврзници, што ќе биде услов да можеме да го формираме вториот да функционира, вториот пензиски столб. Нема претпоставки тука, има процедури. Што се однесува до плановите воопшто господин Стојаноски да не се грижи, плановите ќе ги изработат буџетските корисници и единките - буџетски корисници, тој процес долго трае, скоро 8 месеци и ништо и тука не е на претпоставка. Но во краен случај и буџетот е проекција. На базата е проекција, се работат планови и ќе функционира државата од аспект на буџет и финансирање, само треба законите да бидат донесени. Тоа е условот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Стојановски имате право на реплика повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван заменик министре немаме дилеми околу тоа дека овие работи се работат или треба да се сработат, мора да се сработат, меѓутоа ние зборуваме за една ситуација во која што се се доведува во фаза на итност.

Во членот 10 од овој закон стои дека овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник. Тоа веројатно ќе биде задутре, на 31, бидејќи ние ветивме дека до утре вечер ќе бидат донесени овие закони. Значи, итноста во однос на поставувањето на дневен ред на буџетот на 26 декември што доведе до ограничуваање и еден политички однос што не е својствен за една парламентарна демократија, во која што парламентарното мнозинство го замолчува парламентарното малцинство заради итност за што се виновни оние што предлагат, а истовремено не си дава можност да ги искажеме сите овие работи што ги искажав пред малку. Тоа се дилеми што ги имаме, што сакаме да бидат објаснети. Ништо повеќе и ништо помалку. Можеме само да дадеме придонес во тој правец, а немаме никаква намера да го опструираме донесувањето на овие акти.

Благодарам,

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, одиме понатаму има збор господин Слободан Даневски.

Повелете господине Даневски.

Ве молам, да бидеме конструктивни.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине потпретседате, дами и господа пратеници, господине заменик министре,

Денеска го гледаме Предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за буџетите. Сигурно дека и самиот законодавец нуди..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, ве молам да го слушаме колегата Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

..Нуди инструменти и нуди некаде десетина члена, со што изгледа дека се дава измена во десетина членови со што имаме некои нови инструменти, нови моменти и мислам дека гледано меѓу редови се зголемува дискрецијата на министерот за финансии и самото Министерство, дискреционото право.

Она што заслужува посебно внимание кај членот 1, сигурно и новината што се нуди со ова, предлог програма за законот на буџетите е новината во буџетот за судовите. Стално се поставува едно прашање во Парламентот дали третата власт,

судската власт е независна, дали со ова се прави исчекор повеќе ако ние, на судството му дадеме буџет, дали со тоа ќе добие независност судството. Сигурно дека мислењата во јаавноста се поделени, затоа што многумина мислат дека ова е само еден исчекор во делот на тоа што значи  независно судство, ако не се реши како што е решено во многу други држави, изборот на судиите и целата постапка да биде надвор од Парламентот и надвор од политичките партии, со што би добиле соодветен третман, каков што заслужуваат.

Сигурно дека оваа проблематика ќе не притисне и она што доаѓа од Меѓународната заедница, затоа што треба да се усогласат нашето законодавство со европското во делот на тоа што значи судски буџет. Сигурно дека судовите никогаш немале проблем со буџетот и за извршување. Главниот проблем кај судовите секогаш била масата.

(џагор во салата)

Јас би ве замолил госпоѓо потпретседател за тишина. Или вршете си ја работата или станете од таму.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Даневски вие продолжете, колегите ве слушаат. Повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Никогаш немале проблем судовите со тоа што секогаш бил проблем масата на средства на пари. Затоа што ние имаме некои специфични критериуми кога се прави преметка по она што значи УНР и она доаѓа кај сите функционери кои зимаат плата по коефициент, ќе треба да даде образложение и заменик министерот, затоа што не знаеме која е просечната плата. Дали е по УНР 5.300,00 или 11.000,00 просечна плата. Затоа што ние, во пракса имаме, кога доаѓаат укажувања од Републичкиот завод за статистика по 6,8 се пресметува коефициентот. Сигурно дека тоа би било главната причина и главната забелешка во искажувањето на Претседателот на Врховниот суд дека никогаш судовите немале проблем..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги ве молам ако може внимание, ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Секогаш имале проблем со масата на средства.

Тоа што заслужува внимание сигурно е членот 2 каде што, ако зборуваме од принципиелни причини, денеска односно завчера усвоивме тоа што значи дневен ред за работа на Собранието каде како точка 52 е Предлогот на закон за престанување на важноста на Законот за земјоделство. Мислам дека ако сега го донесеме, а законодавецот предлага, со самиот предлог за измени го усвоиме, а расположението е дека ќе се усвои, значи во членот 2 се бришат Фондот за води, Фондот за заштита и унапредување на животна средина и природата, Фондот за земјоделие, тогаш би било глупо да се дискутира по точка 52. Тоа е нон сенс. Завршена работа. При укинување на Фондот за земјоделие, ние би се ставиле во позиција да дискутираме.

Имено, зошто е ова укажување до законодавецот, до Министерството за финансии? Укажувањето е ако постоеше Фондот за земјоделие, дали ја извршуваше или не улогата, може да констатираме дека како Фонд беше малку понезависно тело од тоа што ќе падне под капата  на Министерството за земјоделие. Фондот како таков знаеме која улога одигра во овие две години од неговото постоење. Ако се согласивме во Парламентот дека го донесовме овој Фонд што даваше резултати, сигурно може имало и некои злоупотреби, не навлегувам во тоа, дека не се можни некои злоупотреби, но факт е дека Фондот за земјоделие е потребен на Македонија, како аграрна земја, како перспектива што се нуди во земјоделието.

Затоа се поставува аналогно прашањето ако го укинуваме Фондот за земјоделие, зошто да постои Фондот за здравство, Фондот за ПИО? Сигурно дека Парламентот во минатиот состав неслучајно даде виза на самиот Предлог-закон за Фондот за земјоделие. Бидејќи го укинуваме, би било нелогично точката 52, сега дискутираме како крајна во овој маратонски дневен ред, Предлог на закон за престанување на важност на Фондот за земјоделие.

Во делот на тоа што би сакал да го задржам вашето внимание, тоа е членот 6 каде што во  текот на годината, буџетските корисници можат да доставаат барање за измена на годишните финансиски планови  по квартали со користење на средствата по сметките , по програма и ставките само доколку се работи за расходи што не можат да бидат планирани, а за истото потребно е буџетскиот корисник да достави образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали. Ова неслучајно го зборувам, мислам дека жаргонот на изразување во Парламентот, па и обраќањето на господинот заменик министер до пратеникот Блаже Стојановски да не се грижи Блаже Стојановски. Да, да не се грижи Блаже Стојановски, но кога доаѓа да се испере министерот или Министерството тогаш вели - вие пратениците го

носите законот, вие сте последниот филтер, ние може да ви сервираме било која глупост, вие сигурно би биле глупи ако изгласате глупост. Затоа се нашите укажувања..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Даневски, ве молам со изразите, внимавајте.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Затоа се нашите укажувања до било кој претставник на Владата дека нашата одговорност со самото гласање по било кој законски проект ја носиме нашата одговорност. Тоа се моите укажувања.

Во делот на она меѓу редови, што би значело, затоа што влегуваме во тековна 2004 година, знаеме дека во тековната 2004 година доаѓаат локалните избори. Ова дискреционо право што се дава на Министерството за финансии може да ги лимитира и опструира дел на единиците на локална самоуправа каде што не се членови на владеачката политичка партија, значи, дадено е дискреционо право.

Ова е укажувањето. Ќе се сведе на тоа при давање на овие годишни извештаи од корисниците, посебно од единките на локалната самоуправа, каде треба да се ревидираат годишните финансиски планови по квартали, може да кажам, по претпоставка, може да се направи опструкција од ресорното Министерство. Што не треба да значи. Ова е укажување што не треба и да значи.

Тоа што мора да се искоментира е членот 8. Тој е посебно интересен затоа што го менува членот 33 од постојниот Предлог - одобрените расходи во Република Македонија, во буџетот, корисниците не можат да ги прераспределуваат меѓу себе. Имаме една пракса многу години station наназад, да ни се случува , она што на запад е правило број 1 на однесување да не може никој да измести било која потставка или ставка од било која финансиска сметка на било кое Министерствот со прелевање, со сама одлука на Министерството за финансии, укажувањата на многуте контакти, со многуте експерти, со многуте стручњаци, почнувајќи, еве сега сме на испит, допрва треба да го положуваме испитот на тоа што значи многупосакуваното влегување на Македонија под чадорот на НАТО. Тоа што го слушавме деновиве од господинот Збигман дека Македонија е многу далеку ако не ги направи предусловите или исполни овие услови во дадениот рок од шест месеци, сигурно дека нема да бидеме повикани, ќе не измине поканата за Самитот во Истанбул.

Ова го зборувам затоа што во изминатите години не само оваа Влада, многу други влади во Република Македонија на еден непринципиелен начин, на еден нетранспарентен начин, префрлаат средства од едно на друго Министерство. Ова не може да се толерира во Европа.Сите сакаме и тврдиме, ќе одиме..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам приврршувајте.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Во она што е наша интенција, желба дека сакаме да одиме во Европа. Нема нам да ни дадат виза. Сигурно дека ова е правило број 1 на однесување во државата. Ако постои ова однесување и почитување на ова правило и ред во државата, ако постои ред во министерствата, ред и правила во локалната самоуправа, сигурно дека тоа што ни Македонија не е имуна на овој транзиционен период. Сведоци сме, секојдневно слушаме афери. Еве, и дел од пратениците префрлаат - еве, вие сте во Шутка, вие сте ајдуци, вие украдовте имате кривични пријави, да, да..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега немојте, немојте такви изјави.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

И денеска имаше тука еден пратеник кој се закануваше со сила. Не ме плаши. Може да плаши мали деца.

Сакам да ви кажам дека се наметна една атмосфера во државата дека сите се криминалци, без разлика дали е докажано. Сведоци сме дека се вршеше опструкција. Оваа година ќе биде забележана по тоа што се жигосуваат персони, на луѓето се правеа опструкции затоа што не се почитуваше презункцијата на невиност. Сигурно дека имало неисправности. Имало злоупотреби. Но, да се осудуваат луѓе, да се користеше говорницата, да се користеа новинарите, мислам дека оставивме многу лош имиџ. Таков оставивме во Европа. Затоа што сами кажавме дека Македонија е корумпирана држава, дека се води општа хајка. Државата е таа што треба да направи да ги канализира работите, да го регулира овој транзиционен период, криминалот да го сведе на минимални гранки. Да се казнат сите, никој не е

имун, да одговараат сите. Но, вештачки да се измислуваат кривични пријави, да се враќаме на времето од вербалниот деликт, да судиме на граѓани со сведоци..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Даневски времето ви истече, ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ

Добро.

Би завршил дека мојата дискусија ја сведувам со овие измени, моето укажување на законодавецот и тоа што значи дискреционо право, не навлегувам во другите членови, да се дава поголемо право, почнувајќи од записите, каде што требаше да се дадат некои уредби, Министерството за финансии требаше да даде пропратни уредби. Се согласуваме дека сме на крајот на годината, дека законот стапува на сила уште утре, а не се направени додатните инструменти.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали уште некој друг бара збор? (никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Во салата се присутни 99 пратеници, гласале 67 пратеници, 62 за и 5 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

**Минуваме на точката 6:**

**Предлог за донесување на закон за извршување на буџетот на Република Македонија за 2004 година со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор господин Спиро Мавровски.

Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувана потпретседателки, почитувани колеги пратеници,

Пред нас е предлогот за донесување на закон за извршување на буџетот на Република Македонија за 2004 година со Предлог на закон.

Разгледувајќи го овој предлог на закон што беше доставен, според моите видувања и размислувања, неколку членови, бидејќи не присуствував на комисиските расправи, мислам дека треба да следи објаснување. Можеби и министерот го има, можеби вие го знаете, но мислам дека треба да се слушне.

Важни работи што со овој Предлог-закон се нудат е членот 7 став 2 каде што стои во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник на ниво на ставки и програми, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки и програми по претходната согласност од Министерството за финансии.Со оваа ставка во членот 7 она што беше досега Влада станува Министерство за финансии. Значи, една ставка подолу каде што Министерството за финансии ќе си земе обврска и право да може да ги определува сите овие ставки.

Во истиот член значи членот 7 став 5 стои: По исклучок на ставовите 1 и 4 на овој член Владата на Република Македонија може со одлука за прераспределба на средства да лоцира дополнителни средства во разделот 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 4433312 надомест по основ на структурни реформи и потставка 443314 надомест по основ на реформа на јавната администрација.

Господа пратеници со овој Предлог на закон и она што говоревме за буџетот ние се носиме сите заедно на Владата по што ни кажаа и почитуваниот заменик министер да им дадеме право едноставно Владата во овој дел, значи делот на структурните реформи и делот на реформите на јавната администрација едноставно да се врши алокација на средства кои што можат да бидат многу значителни и кои што средства во моментот Владата не најде за згодно во овој буџет што ни беше тука предложен и нас и вас и кој што требаше да го разгледаме на еден нормален демократски начин и за кого што ќе разговаравме и ќе носевме различни заклучоци, но на крајот да најдевме заеднички решенија, тоа не се случи но, со ова вие како пратеници вклучувајќи ме и мене заедно со вас, на Владата ќе им дадеме неогранично право затоа што со исклучок на став 1 и став 4, Владата ќе може во овие два раздели да врши прелокација на огромни средства.

За што се работи? Во потставка 443112, надомест по основ на структурни реформи, се работи за средства од некаде една милијарда и 140 милиони, во кои што, како што разбрав, од излагањето на почитуваниот министер, ни

беше кажано дека тоа било еден поголем проект од 5.000 до 6.000 страници, исто како што министерот тука за образование ни покажуваше некои проект од 300 страници, кој кога го видовме немаше ниту две страници содржани, но сега, сигурно и вие како пратеници и јас заедно со вас, ќе можеме да дојдеме во ситуација тие 5.000 - 6.000 страници да ги провериме и да видиме кој се се на тие списоци, што значи тоа кои работници ќе бидат бркани од работа, колку од овие фирми загубари до Нова Година ќе се решат, колкав е нивниот број кој што треба да излезат од работа во оваа ситуација и колкави се средствата кои Владата на Република Македонија ги предвидува за испраќањето на овие луѓе, кои сега земаат некои плати или треба да земат плати од Фондот за вработување, каде што ќе бидат технолошки вишок и кој што во наредната година треба да добијат отпремнина и незнам колкава ќе биде таа социјална помош, кои тие таму понатаму ќе ја користат. Значи, ќе ни се случи она што се случуваше во 1996 година, бројот на вработените, макар што сега стигнуваме до една бројка од 400.000, многу брзо да биде надмината, за жал, затоа што ова нуди продавање на овие претпријатија и на овие загубари, чисто само на тие фирми, без работниците, во нив кои треба да продолжат, а сигурно дека нема да продолжат да работат. Тие фирми ги има наведено и самата Влада во образложението што го дава со Буџетот. Тука можеме да видиме, но тоа е тоа. Колку од тие луѓе ќе бидат, сигурно дека и Владата нема права претстава, затоа што бара од вас пратениците, со овој член 7 ние да им обезбедиме право да врши алокација на средствата кој што треба да дојдат токму во овој дел, за да се решат овие загубари. Значи, да ги решат овие вработени, кои ќе станат социјални случаи и ќе бидат избркани од работа.

Другата ставка е надомест по основ на реформи на јавна администрација. Вие сакавте да го ограничите и го ограничивте правото на говорење на 10 минути, министерот го слушавме 30 минути, едноставно, не разбравме за што се работи и колку во Република Македонија во моментот претставува јавна администрација. Пред изборите, цело време говоревме за јавната администацијa од 120.000 луѓе, дека тоа го направи претходната Влада, дека тоа се премногу луѓе, кога сега се говори за тие 4% на 120.000, господинот министер кажува дека тоа не е точно, дека од нив се дел во одбраната, дел се во внатрешни работи, дел од нив е во здравството, во образование и испаѓа сега дека таа јавна администрација е 25 или 30.000 луѓе. Е, сега, кога не беше точно и кога е таа поставка, дали беше пред изборите, за изборите или е сега точно дека има 25.000 луѓе врз кои што треба да важат овие 4%, ама очигледно е дека и Владата во ситуацијата незнае дали се тоа

70.000, дали се 50.000 или дали се 120.000. Затоа што 4% сигурно дека не е исто на 120.000, каде што ќе дојдеме до една цифра од 5.600 луѓе, или на 20.000, 4% се само 800 луѓе. Во монентот веќе Министерството има одобрено вработување по пооделни министерства, како што се за Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана некаде по 500, по 600 луѓе и тој број се знае и државни службеници, кои во моментов се обучуваат и треба да бидат вработени, значи некаде за 1.500 или 1.600 луѓе, кои ќе треба да бидат вработени во оваа јавна администрација. Значи, и по оваа ставка, вие како пратеници, ќе дозволиме Владата да може да врши прелокација. Тоа ќе го врши Владата, а ние како пратеници и Парламент колку ќе имаме во тоа сознание, треба господа пратеници, со ова што ние го даваме правото на Владата, да знаеме дека си го одземаме самите себеси.

Понатаму, во членот 21, каде што се кажува во кои фондови, кои јавни претпријатија ќе може да се врши вработување и за тоа вработување ќе треба .. Госпоѓо потпретседателке, би ве замолил ако може да ги стишите пратениците.

Господа пратеници, јас ќе ве рзамолам, ќе бидам краток, мислам дека работите се многу важни и треба да ги сослушате. Затоа што ако и сега ги пропуштиме, а пропуштаме многу работи, после се чудиме сами на себе што закони донесуваме и ќе се убедуваме деловнички да се објасниме, но имаме проблем. Имаме проблем, затоа што тука говориме за вработувања, за кои што треба да се обезбедат или не треба да се обезбедат финансиски средства и треба да има прераспределба во Буџетот, меѓу време се формирани нови агенции, Агенција за странски директни инвестиции, Агенција за претприемништво. Беше даден предлог од наша колешка тука за Агенција за енергетика, која на предлог на Владата беше повлечен, но се прашувам за една работа. Почнавме со Регулаторната комисијас, за кој што Буџет говоревме пред наредната седница, каде што 5 луѓе, тој Буџет беше зголемен некаде и изнесуваше 500.000 евра. Тргнувајќи од тој аспект ние треба да има чиста претстава, овие агенции за колку луѓе се работи, колку луѓе ќе работат во тие агенции и Владата треба да ни приложи една програма од тие агенции, за да знаеме што во основа ќе се работи. Мислам дека во случајот тоа го нема. Затоа, ве повикувам сето ова да го разгледаме и да кажеме дали е тоа така и дали вие ќе ги дадете тие права на Владата и понатаму да продолжи, пошто се работи за едно клучно прашање, каде што имаме вработување. Едноставно, мислам дека овие забелешки, се надевам дека господинот министер ќе се обиде да ги објасни, вас гледам дека ви се брза. Уште еднаш ќе ви заблагодарам на вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Мавровски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 80 пратеници, гласале 69 пратеници, 56 пратеници гласале за, 13 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 80 пратеници, гласале 70 пратеници, 58 пратеници гласале за, 2 воздржани и 10 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по Текстот на предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 46, став 1, 2 и 3, со кои се согласил претставникот на Владата и кој е составен дел на предлогот на законот.

Пратениците Абдулаќим Адеми, Недим Рамизи, Талат Џафери и Ејуп Рустеми, поднесоа амандман на член 12 став 3 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандмани на член 12 за менување на став 1 и на член 12 за додавање нов став по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 3, поднесен од пратениците Абдулаќим Адеми, Недим Рамизи, Талат Џафери и Ејуп Рустеми.

Повелете господине Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Господинот Талат Џафери, повелете.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам госпоѓобразование потпретседателке, почитувани колеги, почитувани претстввници на Владата,

Јас како еден од предлагачите на овој амандман на членот 12 став 2, ќе се обидам накратко да ги дадам причините зошто се поднесува овој амандман и која е нашата цел. Како што беше кажано, предложениот амандман се однесува на алинејата 3 на членот 12, со што се предвидува можноста на сите вработени во државните институции именувани и кои имаат статус на државни службеници, да можат да имаат право на надомест на патни трошоци, на реална висина за најефтиниот транспорт, со кој се овозможува навремено доаѓање и заминување од работното место. Од направените анализи и од фактичката состојба, ние цениме дека на овој начин вработените во државните органи се собираат со загарантираното уставно право и се ставаат во позиција на дискриминација. За да се потврди ова, јас ќе се повикам на некои од членовите кои се поврзани со Уставот и со законот за работни односи, Колективниот договор за соодветниот ресор, односно членот 12 во Уставот, во членот 56 се предвидува правото односно дефакто членот 32 од Уставот се предвидува можноста дека секој има право за работа, слободен избор при вработување и заштита при работа, како и материјално осигурување во текот на работата. Од оваа уставна определба ние цениме дека на секој вработен, независно каде е неговото живеалиште, има право за надомест, реален надомест, за трошоците кои ги има за пристигнување и заминување од работното место. Во членот 56 на општиот колективен договор и членот 75 од Колективниот договор за државните органи, за државните судски органи се вели дека вработениот има право за надомест за превоз до и од работното место во случаите кога органот или организацијата нема организиран транспорт за вработените. Во оваа насока ние цениме дека со определувањето, со определбата на алинејата 3 се прави категоризација на две групи на вработени и тоа на оние именувани и државни службеници, со што категоријата на вработените со живеалиште на едно место, а со работно место на друго место, се дискриминирани. Ова се потврдува со самиот факт дека во ставот на  членот 12 се регулира и статусот на материјалната надомест за патните трошоци за оние вработени чие живеалиште е исто, се наоѓа на исто место каде и работното место, односно седиштето на работодавецот.

Засновајќи се врз уставните определби за потполна еднаквост на сите вработени и со одредбите од Законот за работни односи, Колективен договор за сите сектори, ние веруваме дека имаме право да го подржиме овој амандман и од фактичката состојба цениме дека бројот на оние вработени кои го имаат овој специфичен статус односно со живеалиште на едно место и работно место на друго место, нема да е толку голем бројот на друго место, кој би влијаел значително врз севкупната сума на трошоците предиведени за плати и надоместоци. Во оваа насока цениме дека ќе имаме поддршка и од пратениците кои исто така оваа ситуација ја имаат анализирано, ја имаат оценето соодветно и токму поради фактот дека и во Комисијата за одбрана, поднесен е амандман со слична содржина и беше подржан од сите членови на Комисијата за одбрана и безбедност, зависно од нивната политичка припадност, или партиска припадност. Меѓутоа, беше означен како акутен проблем во оваа област, а исто така имајќи го во предвид и фактот дека во Уставниот суд, со соодветна процедура е елиминиран ставот од членот за реализација на Буџетот за 2003 година што се однесуваше на дискриминација на вработените, ние мислиме дека нашиот амандман има правна основа, има финансиска основа и дека воопшто не го нарушува финансискиот концепт на Буџетот на Република Македонија предвиден за 2004 година.

Пред се, ова претставува наша обврска да водиме сметка за оние кои ги вршат државните работи во државните органи за потребните на државните органи, меѓутоа немаат можност од нивниот семеен буџет да изделат средства за компензација на патните трошоци кои тие ги прават заради работата која ја вршат во државата.

Со надеж дека ќе ја имам поддршката на мнозинството на пратениците во Парламентот, јас ве повикувам да гласате за овој амандман.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За збор е јавен господинот Блаже Стојановски. Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Навистина сум изненаден за ваква неусогласеност помеѓуниверзитет владеачките партии, затоа што се работи за многу битно прашање. Владата е коалиционо составена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Демократската унија за интеграција и Либерално - демократската партија и сметам дека за вакви прашања не треба да се доведеме во ситуација да зборуваме за амандмани кои што се слични, или блиски до амандмани на Комисијата за безбедност или незнам на кои други, затоа што со ова само потврдувате дека немате доволна координација во однос на предлагањето на законите. Односно, факт е дека ако почне да се применува овој начин на дискусија, веќе на овој начин Парламентот ќе го добие вистинското место кое што го заслужува и ќе можеме навистина како пратеници да влијаеме врз донесувањето на законите.

Јас се јавувам по претресот по однос на овој амандман, затоа што факт е дека се отвори претрес по овој амандман, што значи, не во рамките на општиот претрес кој што беше затворен, а не онака како што се случуваше вчера и со ова на одреден начин се признава непочитувањето на Деловникот за работа на ова Собрание. Меѓутоа, сакам да ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, без коментари господине Стојановски, без коментари. Ве молам за амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Видете, навистина сакам да зборувам за членот 12 од овој закон, на кој што се однесува овој амандман, а кој гласи: “Надоместокот за превоз до и од работно место по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5 километри од работното место”, што воопшто не е спорно. Така стои и во законот и во Колективниот договор. Меѓутоа, што е спорно? Спорен е износот. Не повеќе од 900,оо денари месечно. Значи, независно за реалните, вистинските трошоци кои што ги прави вработениот, кој што оди на оддалеченост од 10, 15, 20 километри, дали е учител во некое училиште, дали оо некоја друга државна работа таму му се наоѓа работното место, тој ќе треба да ги надополнува тие реални трошоци кои што ги дава за превоз од својата плата.

Ова е директно во спротивност и со Уставот на Република Македонија и со Законот за работни односи и со Колективниот договор кој што се однесува на

јавната администрација на органите на локална самоуправа на јавните претпријатија и фондовите.

Од овие причини, сметам дека ние не треба тука да дискутираме за ова прашање, посебно што еве и дел од власта се согласува дека ова не е во ред, меѓутоа мене ми е жал што за ова се нема произнесено СДСМ и ЛДП, затоа што тие се тие кои што се најодговорни за ова решение кое се предлага и од причини што и самиот министер за финансии е од редовите на СДСМ и тој треба да објасни која е причината. Ако нема средства во Буџетот за одредена намена, тоа не може да претставува на штета на остварување на правата кои што ги поседуваат граѓаните на Република Македонија.

Јас сега апелирам и го повикувам заменик министерот да даде свој предлог амандман во кој што овој износ нема да биде лимитиран, туку ќе се однесува на реалните трошоци кои што ги имаат лицата вработени во државната управа, зависно од оддалеченоста од своето живеалиште до работното место каде што работат.

Благодарм

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Заменик министерот за финансии, господинот Димко Кокароски. Повелете.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Дали може потпретседателке? Благодарам.

Господин Стојаноски да не биде многу загрижен. Воопшто да не се грижи. На страната на партиите на власт седат слободно мислечки луѓе и не се инструментализирани, па по диктат да работат, така да не треба воопшто да стои грижа на другата страна дали може да има амандман или не може да има.

И втора работа, господин Стојаноски е правник, знае, или би требало да знае, дека министерот односно заменикот не можат денеска амандман да поднесат и да оценат колку е. Низ правна процедура според законски норми сме оцениле дека тоа можеме да го направиме во рамки на она што значи буџет, она што значат приходи кои што може оваа држава да ги обезбеди.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика госпидин Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине заменик министре,

Дали ако немате пари во Буџетот ќе ги укинете и платите на вработените. Се работи за права кои што произлегуваат од Уставот и Законот и вие не можете согласно вашите политички потреби да кажувате што имаат права, а што немаат права. Правата се определени во Устав и закон, а не од страна на слободно милечки луѓе кои што го ограничуваат правото на говор на опозицијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Коце Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да укажам дека заменик министерот за финансии почна да држи лекции на парламентот. Мислам дека не е негово право да коментира. Ова го кажувам бидејќи не е прв пат, денеска мислам дека неколку пати го стори тоа. Негово е да каже мислење по однос на амандманот. Како пратениците во рамки на пратеничките групи ќе се обвинуваат, тоа пратениците треба да одговараат. Меѓутоа мислам дека се стави изнад парламентот и вие би требало да го предупредите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Трајановски, не се работи за прекршување на процедура, се работи за стил и за избор на начин на изразување. Мислам дека е се во ред.

Дали некој друг бара збор по амандманот? Никој.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 87 пратеници 74 гласале, 39 за, тројца воздржани, 32 против.

Констсатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, со оглед дека постојат дилеми во однос на гласањето, јас барам поединечно да се изјасниме, бидејќи се работи за еден глас кој што е потребен за поминување на тој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали имате поддршка од соодветен број пратеници. Во ред. Право е да се изјасниме поединечно.

Ги молам службите да пристапиме кон поединечно гласање.

Го молам генералниот секретар поединечно да ги чита имињата на пратениците, а вас како колеги ве молам да се произнесете во врска со амандманот.

АЛЕКСАНДАР НОВАКОВСКИ:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | АБДИЛАЌИМ АДЕМИ | за |
| 2. | РАФИС АЛИТИ | отсутен |
| 3. | ИВАН АНАСТАСОВСКИ | против |
| 4. | СТОЈАН АНДОВ | отстутен |
| 5. | АНА АНДОВА | против |
| 6. | ПЕТАР АПОСТОЛОВ | против |
| 7. | НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ | против |
| 8. | ЈУСУФ АРИФИ | за |
| 9. | ТЕУТА АРИФИ | за |
| 10. | СЛАВЕ АРСОСКИ | против |
| 11. | ФАТМИР АСАНИ | за |
| 12. | АЛИ АХМЕТИ | отсутен |
| 13. | ЉУПЧО БАЛКОСКИ | за |
| 14. | НЕВЗАТ БЕЈТА | за |
| 15. | НАЗМИ БЕЌИРИ | за |
| 16. | НАТАША БИКОВА | против |

| | | |
|---|---|---|
| 17. | РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ | против |
| 18. | СИЛВАНА БОНЕВА | отсутна |
| 19. | ВЕСНА БОРОЗАН | против |
| 20. | ЉУБЕ БОШКОСКИ | за |
| 21. | АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ | отсутен |
| 22. | ФАЗЛИ ВЕЛИУ | против |
| 23. | ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ | против |
| 24. | ЦВЕТАНКА ГАШОСКА | против |
| 25. | ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ | отсутен |
| 26. | МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ | отсутен |
| 27. | БЛАГОЈА ГЕШОСКИ | против |
| 28. | КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 29. | БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ | за |
| 30. | СЛАВИЦА ГРКОВСКА | против |
| 31. | НИКОЛА ГРУЕВСКИ | отсутен |
| 32. | СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | за |
| 33. | ЗАМИР ДИКА | отсутен |
| 34. | АНГЕЛ ДИМИТРОВ | против |
| 35. | КИРО ДОЈЧИНОВСКИ | против |
| 36. | САШО ДОХЧЕВ | против |

| | | |
|---|---|---|
| 37. | ВАНЧО ЃОРГИЕВ | отсутен |
| 38. | ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | против |
| 39. | МАРЈАН ЃОРЧЕВ | отсутен |
| 40. | АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ | против |
| 41. | ЗОРАН ЗАЕВ | против |
| 42. | ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО | отсутен |
| 43. | ЦВЕТАНКА ИВАНОВА | воздржан |
| 44. | ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА | против |
| 45. | ИГОР ИВАНОВСКИ | отсутен |
| 46. | ВЛАДО ИЛИЕВСКИ | отсутен |
| 47. | ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА | против |
| 48. | АДНАН ЈАШАРИ | за |
| 49. | ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ | отсутен |
| 50. | НИКОЛА Б. КАМЧЕВ | против |
| 51. | ЖАРКО КАРАЏОСКИ | за |
| 52. | САШКО КЕДЕВ | отсутен |
| 53. | ИЛИЈА КИТАНОСКИ | за |
| 54. | МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА | за |
| 55. | БОРИС КОНДАРКО | против |
| 56. | ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА | отсутна |
| 57. | ТРИФУН КОСТОВСКИ | отсутен |
| 58. | ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ | за |

| | | |
|---|---|---|
| 59. | ЗОРАН КРСТЕВСКИ | отсутен |
| 60. | РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА | отсутна |
| 61. | СОЊА ЛЕПИТКОВА | отсутна |
| 62. | СПИРО МАВРОВСКИ | за |
| 63. | ЈАНИ МАКРАДУЛИ | отсутен |
| 64. | ЕФТИМ МАНЕВ | отсутен |
| 65. | РУЖДИ МАТОШИ | отсутен |
| 66. | ЉУПЧЕ МЕШКОВ | за |
| 67. | БЛАГОРОДНА МИНГОВА - КРЕПИЕВА | против |
| 68. | ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ | против |
| 69. | РАФЕТ МУМИНОВИЌ | за |
| 70. | НЕЖДЕД МУСТАФА | воздржан |
| 71. | СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | отсутен |
| 72. | ЏЕВДЕТ НАСУФИ | отсутен |
| 73. | ПЕТАР НАУМОВСКИ | отсутен |
| 74. | МИТЕ НИКОЛОВ | против |
| 75. | ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ | за |
| 76. | ГЗИМ ОСТРЕНИ | за |
| 77. | ЃОРГЕ ПАЛОШКОВСКИ | за |
| 78. | ВЛАДО ПАУНКОВ | против |
| 79. | АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ | отсутна |
| 80. | РИСТО ПЕЈОСКИ | отсутен |

| | | |
|---|---|---|
| 81. | БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ | против |
| 82. | ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 83. | КАМЕ ПЕТРОВ | против |
| 84. | ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА - МИТЕВСКА | за |
| 85. | ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА | за |
| 86. | КОСТА ПРЕШОСКИ | против |
| 87. | ИСМЕТ РАМАДАНИ | отсутен |
| 88. | НЕДИМ РАМИЗИ | за |
| 89. | ЕСАД РАХИЌ | отсутен |
| 90. | КАРОЛИНА РИСТОВА | отсутна |
| 91. | ЕЈУП РУСТЕМИ | за |
| 92. | ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА | за |
| 93. | ГАЈУР САРАЧ | воздржан |
| 94. | ИЛИЈА СРБИНОВСКИ | за |
| 95. | ВАНЧО СТАМЕНКОВ | отсутен |
| 96. | СЛАВИЦА СТАНКОВСКА | против |
| 97. | ИВАН СТОИЛКОВИЌ | отсутен |
| 98. | БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ | за |
| 99. | НЕЛКО СТОЈАНОСКИ | против |
| 100. | ТАСИМ СУЛЕЈМАНОСКИ | против |
| 101. | ОРДАНЧО ТАСЕВ | за |
| 102. | МЕНДУХ ТАЧИ | отсутен |

| | |
|---|---|
| 103. ЗОРАН ТОМИЌ | против |
| 104. РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА | воздржан |
| 105. КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ | за |
| 106. ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ | за |
| 107. ТОМЕ ТРОМБЕВ | против |
| 108. АДНАН ЌАХИЛ | за |
| 109. НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ | отсутен |
| 110. ИЛЈАЗ ХАЛИМИ | отсутен |
| 111. ЌЕНАН ХАСИПИ | воздржан |
| 112. ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ | за |
| 113. СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ | отсутен |
| 114. ТАЛАТ ЏАФЕРИ | за |
| 115. АГИМ ЏЕЛИЛИ | за |
| 116. ЗИДИ ЏЕЛИЛИ | отсутен |
| 117. ДРАГО ШАЈНОСКИ | за |
| 118. ЗОРАН ШАПУРИЌ | против |
| 119. ИСНИ ШАЌИРИ | за |
| 120. ЏЕЗАИР ШАЌИРИ | отсутен |

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално г-ѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Госпоѓа потпретседателке,

Сеуште течеше процесот на гласање кога влегов, и имам право да гласам. Јас незнам зошто ми се ускратува правото.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дозволете само консултација, дозволете.

Во ред за уште еден глас “за” за Силвана Бонева.

За гласале 39 со се гласот на Силвана Бонева. Затоа реков јас, исто е јас исто следев, значи за 39, против 37, воздржани 5 мина. Така што не е усвоен амандманот фактички се потврди гласањето првично.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 став 3 поднесен од пратениците Абдулаким Адеми, Недим Рамизи, Талат Џафери и Ејуп Рустеми.

Одиме понатаму со амандмани.

Отворам претрес по амадманот. . .

Што барате?

Процедурално Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Би ве замолил, во име на предлагачите на амандманот, амандманот беше предложен заради тоа да не е во практика и во овој Парламентарен дом значи го имаме овој проблем, и во сите државни институции го имаме како проблем, и водени од филозофијата на практичниот проблем на оваа насока, ние опстоивме, значи за овој амандман.

Ние го разбираме правото на Владата да го прифати или да не гио прифати предложениот амандман и е право, неповредливо право, на Парламентот и на парламентарците да гласаат или да не го гласаат овој амандман. Самиот факт што само за еден глас не помина, нас не ни преостанува ништо друго освен на сите овие лица кои што се засегнати со оваа фактичка состојба, која што ја имаат и како проблем да ги упатиме да во редовна процедура судска постапка покренат иницијатива до Уставниот суд и ова нивно право, во овој степен ја реализираат на овој начин. Јас уште еднаш велам, и во име на Парламентарната група која како предлагач на овој амандман, значи демократска форма е да помине или да не помине, другата работа останува да тие ја покренат оваа постапка онаму каде што треба.

Благодарам за поддршката што ја имавме, жалам што не помина амандманот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, мислам дека ова беше едно убаво граѓанско гласање по убедување.

Отворам претрес по амандманот на член 12, за менување на став 1 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам дали некој друг бара збор?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, ќе ве молам да ме информирате за содржината на овој амандман, затоа што навистина сме пренатрупани со материјали. Се однесува на членот 12, значи, исто така дека се надминува ограничувањето од 900 денари и се признаваат реалните трошоци за превоз на вработените во јавната админстрација. Само ако може.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА

Меѓутоа, знаете, колега ние го бараме тука, но ваша е должност да ги имате амандманите, па многу малку и за нас се многу малку. Така што, добро би било да се обидете да го видите амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Потпретседателке по амандманот се произнесе ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, еве го амандманот и гласи: “во член 12 став 1 се менува и гласи: надоместокот за превоз до и од работното место по претходно дадена писмена изјава се исплатува за вработените чие место на живеење е во седиштето на работодавецот, а е оддалечено над 2,5 км. Од работното место и изнесува 900 денари месечно кој надоместок се исплатува по претходно доставени списоци од корисниците и единките корисници на средствата од буџетот до Министерството за финансии , сектор за буџет и фондови”. Амандманот се предлага заради доприцизирање на текстот.

Дали некој бара збор за амандманот?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Г-ѓо потпретседателке ако може да завршам со ова ви благодарам , го прочитавте, меѓутоа амандманот 2 кој што исто е од Комисијата се однесува..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сега зборуваме за амандманот 1, се извинувам. Дискутираме за првиот амандман од Комисијата.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Добро, само сакам да објаснам дека првиот и вториот амандман се меѓусебно поврзани и од тие причини прифаќањето на овој амандман значи и значење во насока на прифаќање и на вториот амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, дали некој друг бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 88 пратеници гласале 71, за гласале 27, тројца воздржани и негативно 41.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за менување на став 1 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дине Кокаровски вем олам да се произнесете по вториот амандман поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор.

Г-динот Блаже Стојановски.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитувани колеги пратеници, јас навистина неможам да разберам нешто што претставува закон и Устав во оваа држава да може да се менува со образложение

дека нема финансиски средства за исплата на реалните трошоци на вработените кои што живеат во една а работат за друга општина.

Навистина, дајте да работиме согласно Уставот и законите. Тоа е основен принцип во правото каде што почитувањето на уставноста и законитоста е основен предуслов за функционирањето на правниот поредок. Што сакам да кажам. Прво сакам да ви го прочитам овој амандман. Тој гласи: “Во член 12 став 1 се додава нов став 2. Значи останува ограничувањето од 900 денари во рамките на една иста општина, меѓутоа се додаван ов став 2 кој гласи “на вработените кои живеат во една, а работат во друга општина им следува надоместок за превоз до и од работно место во висина на вистинските трошоци за превоз за најефтиното превозно средство од јавен сообраќај кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, но не повеќе од висината на надоместокот на трошоците за одвоен живот.”

Ова претставува идеален начин за да се надмине ситуацијата за укинувањето на правото на вработените во јавната администрација, во образованието, во културата да не бидат изложени од сопствен џеп да ги покриваат разликата на трошоците кои што не му ги признава Владата. На овој начин како што беше предложено тие му признаваат 900 денари. Ако појде до Прилеп и Крушево само два пати 100 денари троши, а ако има 25 дена работни тој ќе треба 2 илјади или 3 илјади денари од својот џеб да плати за да ја надомести разликата на патните трошоци кои што ги има до и од работното место за да се врати назад. На тој начин од платата му се земаат тие средства и на индиректен начин се намалува платата на тие луѓе и се ставаат во нерамноправна положба во однос на сите други вработени.

Ако е ова вака правено како што прави Министерството за финансии тогаш му даваме еден добар знак и на вработените во акционерските друштва, управните одбори да донесат одлука ние немаме средства, не исплаќаме ваков надомест. Тоа е исто. Немојте Парламентот да го доведуваме во ситуација да продуцира незаконитост во работењето на другите субјекти во државата. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор.

Г-динот Ангел Димитров, повелете.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам г-ѓо потпретседател.

Се јавив за едно мало објаснување во врска со овој амандман и за сите амандмани што се во врска со овој член 12.

Сите се повикуваат на устави и на закони, но мислам дека она што е решено со Законот за работни односи не е така како што г. Блаже го интерпретираше. Навистина на вработениот му следува надоместок за патување да оди на работно место оддалечено повеќе од 2,5 км, но само под услов ако таквиот надоместок е предвиден во договор за работа. При потпишување на договор за работа се усогласиле работодавецот и работникот. Но, бидејќи во трговските друштва работодавците водат сметка за трошоците на својата фирма тие знаат да вработат луѓе за кои немора да плаќаат такви надоместоци. А, тоа што ние во државната администрација не водиме многу сметка па вработуваме луѓе кои се и 300 км, подалеку од нашиот град каде што имаме доволен број луѓе невработени со таа струка е друга работа. И, затоа Владата е приморана да прави вакви ограничувања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на дискусијата на г-дин Ангел од г-дин Блаже Стојановски.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Се согласувам со колегата Димитров дека Владата не води сметка за тие работи, тоа се виде и со распоредувањето на вработените во јавната администрација при чистката што се вршеше после 15 септември кога беа распоредувани над 100 км, надвор од своето место на живеење. И, сметам на тој начин апсолутно неможе да се зборува за почитување на правата на работа, а во однос на тоа дека трговските друштва не требало да вработуваат или воделе сметка да вработуваат само од таа општина, јас сметам дека трговските друштва што водат сметка да вработуваат квалитетни кадри независно каде тие живеат, меѓутоа и ги плаќаат онака како што предвидуваат прописите во Република Македонија и колективните договори.

А, кога се работи за овој случај, кога се работи за јавната администрација јас ќе ве упатам да го причитате колективниот договор за државна администрација, јавни претпријатија, фондови и други државни органи каде што децидно стои право на вработените во јавната администрација, во јавните претпријатија и во фондовите да му бидат надоместени реалните трошоци за превоз до и од работното место до колку тие се оддалечени над 2,5 км од местото на нивното живеење. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За дискусија се јави г. Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам г-ѓо потпретседател.

Како што се чини ќе треба повторно да ги прочитам одредбите во Законот и во колективниот договор. Велам , овој пат не само да убедам некого бидејќи работата во парламентарната комисија и поддршката или неподдршката на една одлука во парламентарна комисија подразбира и координирање, меѓупартиско координирање, коалиција, парламентарна коалиција или опозиција во овој случај поддршката на овој амандман беше едногласна од сите членови на Комисијата за одбрана и безбедност без оглед дали се работи за позиција или опозиција од причина што реално се мислеше за прашањето и позицијата на тие што требаа да одат од едно место на дурго место за работата.

Ова прашање со амандман во истата област и во текот на усвојување на законот за реализација на буџетот за 2003 , извршување на буџетот го покренавме ова прашање дека не се добро регулирани овие работи од пранешниот министер за финансии беше речено да направено е ова оценување и оваа формулација на членот и законот во таа насока, меѓутоа тоа ќе се исправи со балансот на буџетот од 2003 годинас односно со Законот за извршување на буџетот за 2004 година нема да се дозволи да има дискриминација од оваа форма.

Во оваа насока јас не правам делба или поделба дали е став на позиција или опозиција. Политички ние можеме да бидеме позиција или опозиција и секој од политички аспект ги брани своите позиции. Меѓутоа, од правен аспект ние сме претставници и на тие работници кои се во дискриминирана позиција и ние како парламентарци, како нивни претставници треба да ги заштитиме нивните права во овој, последен степен, на усвојување на законот за да создадеме можност, бидејќи тие и така оштетени да не дојдат во друга позиција, да бидат повторно оштетени и со судски такси, со судска постапка да не бидат во состојба да покренат таква постапка за ова прашање.

Ако им се дозволи на сите нив да покренат судска постапка за да го добијат нивното право трошоците ќе бидат многу поголеми од разликата која што се прави во буџетот и во буџетскиот концепт и во целата маса на буџетот која што е

предвидена, а со тоа нема никакви предвидувања во позициите кои што постојат, затоа што средствата постојат.

Јас уште еднаш сакам да истакнам дека членот 56 за општ колективен договор и членот 75 на колективниот договор за државните органи и државни судски органи каде се вели:"вработениот има право за надомест за патни трошоци од работното место во случај кога органот или организацијата нема обезбеден организиран транспорт", јас тука не говорам за трговски друштва и за приватни фирми кои вработуваат луѓе, туку говорам за државните органи кои вработуваат работници за извршување на државни функции, а не се именувани немаат статус на државни службеници.

Оние кои работат во државниот орган, во соодветниот државен орган и живеат таму каде што е тој орган тие се ставени во позиција на позитивна дискриминација во споредба со оние кои треба да допатуваат надвор од местото каде се наоѓа работното место, а ги извршуваат истите обврски од работните односи, меѓутоа тие се негативно дискриминирани затоа што трошоците за транспорт треба да ги плати нивниот домашен буџет кој и така е мал или дискриминиран.

Ова е филозофијата и суштината на предложениот амандман и прфатен едногласно од страна на комисијата за одбрана и безбедност. Уште еднаш сакам да истакнам, тука нема политика, тука има реалност . Ние сме 120 пратеници кои сме дошле тука и ние земаме 120 надоместоци за нашите трошоци што сме дошле тука и треба да гласаме против оние кои на пример како мене ќе дојдат од Гостивар и кои нема да земат надоместоци. Значи, имаме конкретен случај. Тука говориме за овој факт, не говориме за позиција, опозиција, дали сме или не сме координирани. Правото на Владата е да го прифати или да не го прифати амандманот, а наше право како пратеници е да знаеме каква е фактичката состојба и фактичкиот момент за оние кои токму за нашите потреби ја вршат својата работа.

И, во оваа насока повикуваме да се подржи амандманот и се надеваме дека ќе се подржи, а не за политички цели. Политика ќе прави и опозицијата и позицијата до колку ова се прифати. Тоа ќе биде позитивна политика, тоа е тоа што го правиме ние тука.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 74 пратеници гласале 66, за амандманот 27, воздржани 7, и 32 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од Комисијата за одбрана и безбеност.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Бидејќи  никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 73 пратеници, гласале 59, 56 гласале за, тројца негативно.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на буџетот на Република Македонија  за 2004 година.

Минуваме на 7 точка.

Предлог за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2004 година, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Ве молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието.. (збор бара патеникот Спиро Мавровски)

Ама ве молам, причекав, тогаш во ред, повелете г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Може да се чека толку, сега, за една секунда,

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се причека едно време, пристојно, г. Мавровски гледате дека коректно ја водам седницата, ве молам, не правете забелешки. (се консултираат потпретседателката и г. Кокаровски)

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувани пратеници, почитуван министре,

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Мавровски простете имавме консултација со заменик министерот, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам.

Пред нас е предлогот за донесување закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2004 година со предлог на закон. Овој закон се состои од 4-5 члена во кои што се распределени средствата и во кој што треба да знаеме што и каде треба со законот да биде пренесено од буџетот и овие приходикои ги има буџетот.

Гледајќи ги тука изворните приходи на единиците на локалната самоуправа сигурно и вие ги погледавте, има некои ситуации кои што за мене барем се нелогични, за кој што не гледам никакво објаснување во оваа ситуација во однос на висината на средствата и во однос на она кој каде и што се распределува. Замене е чудно во општина Гостивар 121 милион, општина Неготино-Полошко 7 милиони и 249 иљади, исто колку што има и општината Неготино т.е. градот Неготино со 7 иљади 415 . За што се работи, за кои средства, каде ќе се трошат, како ќе се трошат, мислам дека ова го имаме такстативно наброено во сите општини.

За општина Липково гледаме дека има предвидено некаде 10 милиони, а за општина Кратово и општина Крива Паланка заедно исто колку општина Липково. Повторно без објаснвуање, повторно не знаеме за што се работи. Општините како што се Демир Хисар каде што треба да има поголема помош завршуваат на некои 2 милиони. Општината Вевчани со многу активности на нивната општина, со многу фестивали повторно се сведени на 2 милиони. Значи една општина на која треба навистина да и се помогне и која што дава интегритет и во која што може да се работи и треба да се работи, треба да ја помогнеме, ние во случајот не го правиме тоа.

Членот 3, гледам дека во овие утврдени средства за финансирање на јавните потреби Владата на Република Македонија  може да врши измена на распоредот на средствата. Значи , измените можат да се вршат доколку одделна единица на локална самоуправа оствари помал износ на изворни приходи од утврдениот во член 2 од овој закон. Значи, со ова, Владата на Република Македонија , ние г. пратеници како Собрание го препуштаме правото во секој момент Владата да може да определи каде, колку и што треба фда префрли. И, ова што го имаме такстативно

наброено, немора да значи ништо, тие средства може да бидат малку или може да бидат многу и Владата ќе одлучи каде тие средства ќе бидат доделени.

После тоа доаѓаат оние, сигурно многу пати чуени работи , дека за оваа општина имало помало средства, дека општината не може да работи, а идат локални избори и тука нормално е сомнежот каде ќе завршат тие средства, во кои општини , во кои општини владее СДСМ , или пак господата од владеачката коалиција, така да сомнежот е директен, затоа што Собранието не ќе може да одлучува ќе одлучува Владата. Овој сомнеж да биде уште поголем и да биде потврден, се потврдува во членот 5 од овој Предлго закон , каде што приходите остварени над утврдениот износ во член 1 и 2 на овој закон, се насочуваат на посебни сметки во рамките на трезорската сметка на Република Македонија , а средстата од став 1 на овој член што се остварени од единиците на локалната самоуправа се распределуваат на единиците на локалната самоуправа со Одлука на Владата на Република Македонија . Значи, колкави се тие средства, колкав ќе биде вишокот, каде Владата ќе одлучи да ги пренесе, повторно во година, изборна година кога сите локални самоуправи очекуваат и пред нас стои донесвуање на законот за територијална поделба и локалната самоуправа, ние донесуваме еден ваков закон , каде што комплетните ингеренции од Парламентот се префрлаат на Владата на Република Македонија која што може да прави, како што кажа и претходниот закон, каде што нема точно наброени ставки, не се знае за кои суми се работи, може Владата да си дозволи тие средства што ќе бидат вишок, колку ќе бидат, како ќе бидат, да ги пренасочи во оние единици за кои што ќе смета дека треба да бидат насочени.

Јас како парламентарец и ние како Парламент кој треба да одлучува без овие работи, мислам дека ова право на Валдата не смееме да му го дадеме, затоа што Парламентот е тој кој треба да одлучува, Парламентот многу скоро ќе треба сите заедно да одлучуваме за територијалната поделба. Многу од нас ќе треба да кажуваат за своит единици од каде што доаѓаат, за луѓето кои ги гласале, затоа господо да не доаѓаме во ситуација повторно да ги слушаме истите проблеми и истите случувања што се случуваа години наназад, каде пооделни општини што не се од коалицијата што се на власт да имаат проблеми со средствата што граѓаните треба да ги имаат и да егзистираат во своите општини. Затоа ќе ве замолам, членот 3 и членот 5 господо малку подобро да бидат разгледани и со тоа Собранието да ги задржи своите права, а не да се пренесува се на Владата.

Благодарам.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г. Мавровски.

За збор се јави госпоѓа Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитувана потпретседателке,

Јa користам деловничката можност по член 64 став 4 да предложам изјаснување за продолжување на работното време на денешната седница.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Јас токму тоа мислев да побарам бидејки гледам  дека се приближува 18,00 часот. Но, само да го утврдиме кворумот.

Дали се согласувате да продолжиме со работа за да завршиме со работата.

(Пратениците потврдуваат дека се согласуваат)

Благодарам, значи има согласност. Но, секако ни треба кворум за да можеме да пристапиме кон гласање.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата за да можеме да гласаме, да се изјасниме.

Ги молам колегите пратеници да влезат во салата.

Ги молам координаторите да ги контактираат пратеници од своите пратенички групи, да влезат во собраниската сала, да пристапиме кон гласање. Велам за сите. Фалат од сите пратенички групи, колку што гледам.

Значи, можеме , кворум е обезбеден.

Одиме понатаму.

По претресот по Предлогот за донесување на законот, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2004 година.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 70 пратеници, гласале 66 пратеници, за гласале 56, негативно 10.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 57 за, 10 негативно.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на  Република Македонија  поднесе амандман на член 1 став 1 и став 2 точка 1 и тој е составен дел на текстот на Предлоготна законот.

Пратеникот Марјан Ѓорчев поднесе амандман на член 5 став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 поднесен од пратеникто Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникто на Валдата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Владата  не го прифаќа амандманот.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 71 присутен, гласале 63, за 12, 1 воздржан и 50 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 2 поднесен од пратеникто Марјан Ѓорчев.

Продолжуваме со претрес по текстот на Прелдогот на законот.

Молма, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 71 пратеник гласале 69, за гласале 58, 1 воздржано и 10 негативно.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2004 година.

Молам, да одлучиме дали се согласуваме, јас мислам се договоривме, дали се согласуваме да продолжиме со работа по 18,00 часот, да ги завршиме точките од пакетот на Буџетот на Република Македонија , онака како што се договоривме.

Мислам дека има 6 или 7 точки.

Ве повикува да гласаме.

Од 72 присутни гласале 59, 56 за, 1 воздржан и 2 негативно.

Констатирам дек аодлуката е донесена да продолжиме со работа.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на програма за користење на средства остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2004 година**.

Предлогот на програмта и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на основот за донесување на програмата со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на програмта.

Пратеникот Марјан Ѓорчев поднесе амандман на поглавјето ИИИ за додавање нова алинеја на точката 1 и за менвуање на алинеја 1 во точката 2 по кој Владата не се произнела.

Отворма претрес по амандманот во поглавјето ИИИ за додавање на нова алинеја во точката 1 и за менвуање на алинеја 1 во точката 2 поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на галсање.

Ве повикувам на гласање.

Од присутни 74 пратениц гласале 62, 10 за, 52 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот во поглавјето 3 за додавање нов аалинеја во точката 1 и за менвуање на алинеја 1 во точката 2 поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлгот на програмта го ставма на гласање.

Ве повиквуам да гласаме.

Од присутни 75 пратеници во салата гласале 63, за 55, негативно 8.

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2004 година.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Молам претставникот на Владата да биде присутен во салата. Се работи за претставник на Министерството за труд и социјална политика.

Бидејкаи претставникот е тука, можеме да продолжиме со работа.

Отворам претрес по Предлогот за донесување назаконот.

Молам, кој бара збор.

Има збор г. Димче Мешков.

Повелете.

ДИМЧЕ МЕШКОВ:

Почитувана потпретседателке, почитуван минситре, почитувани колеги,

Измените на законот не укажуваат на некоја причина да не гласаме за овој закон. Значи со него се прави подобрување на одредени одредби од законот што во практичната примена се покажаа дека постои потреба од нивно изменување, со тоа што треба да водиме сметка за одредени законски решенија што брзо сме ги донеле, брзо и често да не ги менуваме за да не дојдеме во ситуација да зборуваме дека во одредени ситуации предлагаме некои неквалитетни закони. Значи , кога предлагаме закони би требале да имаме поопстојни решенија, решенија што подолг период ќе

можат да се применуваат, за да избегнеме чести и брзи промени на законските решенија.

Со овој закон за изменување и дополнување се прави обид да се изнајде по ефикасен начин за прибирање, поуспешно прибирање на средства од придонесеи од ПИО што е еден од главните, да не речам најважни проблеми и прашања во функционирањето и работата и на Фондот за ПИО и на Министерството за труд и социјална политика.

Проблемтие во оваа сфера секако се присутни, произлегуват пред се од економскат асостојба, се поголемиот број невработени и соодносот на бројто на вработени и бројот на оние што ги користат правата од ПИО. Токму затоа мора да се изнаоѓаат ефикасни решениај за подобрување на наплатата на придонесот, со што ќе обезбедиме и поголема сигурност во исплатата и реализацијата на правата од ПИО.

Ова го зборувам од аспект на фактот да укажам колку се битни и важни реформите во пензискиот систем, чија што главна цел е да обезбедат материјална сигурност поголема во исплата на пензиските примања во еден подолг период. Меѓутоа, за жал , мора да констатираме дека сепак овие реформи се во задоцнување, може да кажеме од еден аспект од објективни причини, но не можеме да ги избегнеме и субјективните причини.

Објективните ги кажавме. Тие беа предмет на расправа околу Буџетот, околу обврзниците. Меѓутоа мораме да потенцираме дека роквоите што беа зацртани за одредени дејства во рефомите на пензискиот систем треба стрикно да се почитуваат заради тоа што мора да се обезбеди постабилна финансиска исплата на подолг период, а тоа можат да го обезбедат реформите во пензискиот систем. Тоа, се разбира, во оваа насока треба да биде многу значајна како улога на фондот за пензиско како и улога на Министерството за труд и социјална политика кое што согласно Законот врши надзор над работата на Фондот за ПИО и секако носи дел од одговорноста за успешноста на реализацијата и навременото извршување на одредените задачи од реформите во пензискиот систем.

Ова не го кажувам во смисла на некаква критика, туку укажување колку навистина треба да имаме заеднички ангажман и на законодавецот и на Фондот за ПИО и на Министерството на сите како би можеле реформите во ПИО, реформите се важни секако и во другите системи, но сега зборуваме за пензискиот, да се направат и да се завршат што е можно поскоро за да можеме да обезбедиме да дојде до инвестирање на собраните средства и нивно оплодување и барем во оваа

ситуација во која се наоѓаме да обезбедиме барем еден начин каде ќе ја одобриме материјалната сосотјба во Фондот за ПИО.

Значи поентата ми беше, моите согледувања се дека сепак реформите доцнат и треба да се ангажираме во целост за да можеме да го забрзаме тој процес на заложби за реформиран пензиски систем.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ви благодарам г. Мешков.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Притоа, ги молам пратениците да влезат во собраниската сала, за да можеме да пристапиме кон гласање. Ги молам сите пратенички групи да ги проверат своите колеги дали се тука.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Ги молам уште еднаш пратениците да влезат во собраниската сала, за да можеме да гласаме. Јас ги молам и да останат во собраниската сала, затоа што ќе имаме интензивна работа.

Јас ги молам уште еднаш пратениците да влезат во собраниската сала, за да можеме да пристапиме кон гласање.

Уште еднаш ги молам пратениците да дојдат во собранискава сала, за да можеме да гласаме. Малку напор, мислам ќе имаме кворум.

Ги молам собраниските служби да го утврдат присуството на пратениците и уште еднаш ги повикувам колегите пратеници да влезат во собраниската сала, за да имаме траен кворум, за да можеме нормално да работиме.

Во ред, кворумот е обезбеден и јас ве повикувам да гласаме за заклучокот за предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници гласале сите 65 пратеници и сите за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите 64 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 8 за бришење на став 2 и на член 15 став 1 и за додавање нов став 5 по ставот 4 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Ристе Бислимовски поднесе амандман за додавање два нови члена 9-а и 9-б по членот 9, по кои Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1, члне 18 став 2, член 19 за менување на новиот член 185-б, член 19 со новиот член 185-ѓ став 2, член 19 со новиот член 185-е став 2 и на член 19 со новиот член 185-ж став 1.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 9-а и 9-б по членот 9 поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Само една алинеја од овој амандман е прифатлива за Владата, така што доколку пратеникот го преформулира амандманот, значи во членот 9-б не се прифаќа, а од членот 9-а се прифаќа само точката 6.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, меѓутоа, не е тука пратеникот Ристе Бислимовски, за жал, не е присутен.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Тогаш, амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот вкупно гласале 62 пратеници, за амандманот гласал еден пратеник, 61 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање два нови члена 9-а и 9-б по членот 9, поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Да, се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Значи, тој станува составен дел на текстот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за менување на новиот член 185-д, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам и тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 во новиот член 185-ѓ став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам и тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 во новиот член 185-е став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 во новиот член 185-ж став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Ве молам кој сака збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 за, еден гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Колеги, да ве прашам, бидејќи е присутен министерот за труд и социјална политика, а поврзана со буџетот и со извршување на буџетот е и точката 16, тоа е Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон. Имаме замолница од министерот да ја разгледаме и таа точка.

Дали се согласувате да ја ставиме на дневен ред сега.

Јас ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 61 за, еден против.

Констатирам дека можеме како следна точка да ја гледаме поренешната 16 точка од дневниот ред.

**Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеници и сите за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60, присутни 65 пратеници, за гласале 60, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на насловот на предлогот на законот на член 3 став 2 и на член 5.

Отворам претрес по амандманот на насловот на предлогот на законот поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам и тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам и тој станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Ве молам кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 71 присутен сите 71 за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

**Премунуваме на 10 точка - Предлог на закон за водостопанство.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 112 за менување на воведната реченица: за менување на член 113, за менување на член 114, за додавање три нови члена по членот 114, член 120 и на членот 123 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 23 став 2 алинеја 1 и 2; член 25 став 1; член 26 став 2; член 43 алинеја 1; член 45 алинеја 2; член 47 став 4; член 50 став 1; член 53 став 1; член 90; член 107; член 108 став 1 и на член 122, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Борче Петковски поднесе амандмани на член 5 за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4; член 8; член 23 за додавање две нови алинеи 5 и 6; член 56; член 74 за додавање нова алинеја 3 по алинеја 2; член 82; член 86 алинеја 1 и на член 119 став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4 поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, значи го молам претставникот на Владата да се произнесе уште еднаш по амандманот начлен 5 за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4 поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Пратеникот Борче Петковски, повелете.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Господин министре овој амандман го поднесов бидејќи водостопанствата како што ги нарекуваме со овој закон имаат и јавна функција, а заштитата од поплави, заштита од ерозија, уредување на порои, вадење на песок, чакал и камен се во функција буквално за заштита од штетно дејство на водите.

Бидејќи немаме други претпријатија кои се занимаваат со ваква дејност од јавен карактер мислам дека местото на овој амандман е тука буквално во овој член.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници.

Јас ве молам во меѓувреме да се утврди присуството, очигледно е дека има кворум, но ве молам точно да се утврди.

Значи гласале 59 пратеници, 7 за, воздржани 4, 48 против.

Само да се утврди кворумот, момент.

Присутни се 65 пратеници, значи гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4 поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Го молам претставникот на Владта да се произнесе.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Амандманот го поднесов затоа што има конкретна практична примена. Во пракса што би значело. Три парцели, тројца газди, едниот сака одводнување,

двајцата не сакаат. Кој ќе плати за одводнувањето, господине министре. Мора да важи за сите подеднакво. Практична е примената на овој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 66 пратеници, гласале сите, за гласале 12 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници, против гласале 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Отворам претрес по амандманот на член 23 за додавање две нови алинеи 5 и 6 поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Со предлагањето на овој амандман суштински не се менува предлогот на законот во делот на управувањето. Предлагањето да има претставник од вработените во водостопанството и претставнк од Владата го предлагам од причина што таму реално ќе има луѓе кои што навистина ќе бидат заинтересирани за функционирањето и работењето на претпријатието, меѓутоа и за обезбедувањето на јавниот сервис на претпријатието. Вака како што е предлогот во законот управниот одбор, популарно како што се нарекува, или во Законот, одборот на водокорисници го сочинуваат самите корисници кои пред се би биле заинтересирани за намалување на цените на услугите за функционирањето на претпријатието онака како што тие сакаат поведувани од личните потреби, а не од реалните потреби кои што треба да ги обезбедува претпријатието и да ги обавува јавните функции. Суштински не се менува, меѓутоа ќе има конкретно претставници кои навистина ќе се грижат за функционирањето на претпријатијата. Затоа и ги повикувам пратениците, бидејќи земјоделците во овој момент не се организирани на ниво за да може овој закон да

профункционира и да профункционира вака предвидениот управен орган кој што го предвидува предлагачот на законот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амаднманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 65  пратеници, 16 за, 8 воздржани, 41 против.

Констатирам дека Собранието на го усвои амандманот на член 23 за додавање две нови алинеи 5 и 6 поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Отворам претрес по амандманот на член 56 поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Го предлагам амандманот бидејќи составот на тие што ќе управуваат со претпријатието навистина ќе има потреба од присуство на директорот на нивните седници. Составот кој што се предвидува ќе треба малку повеќе стручност и знаење на луѓе кои што ќе треба да ја извршуваат работата и да им сервираат податоци таму.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 13 за, 11 воздржани, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 56 поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Отворам претрес по амандманот на член 74 за додавање нова алинеја 3 по алинеја 2, поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Бидејќи не е прифатен амандманот на членот 5, овој амандман веќе нема смисла да се разгледува, го повлекувам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 82 поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Незнам зошто не сака да се свати ова како техничка корекција. Ќе има сериозна практична примена вака како што е предложен законот. Нашите луѓе се премногу мудри и наоѓаат на секој можен начин да ги избегнуваат обврските.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 15 за, 8 воздржани, 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 82 поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Отворам претрес по амандманот на член 86 алинеја 1, поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претртесот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 15 за, 8 воздржани, 37 против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 86 алинеја 1 поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Отворам претрес по амандманот на член 119, став 2, поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Бидејќи со овој закон се предвидува и ликвидација на водостопанските претпријатија по предлог на министерот, би сакал да им објасниме на луѓето вработени во водостопанските претпријатија, како однапред ќе го знаеме бројот на вработените што ќе бидат превземени од постојните водостопански претпријатија?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 21 за, 8 воздржани, 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 119 став 2 поднесен од пратеникот Борче Петковски.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 61 за, 6 воздржани, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за водостопанства.

Сега јас би молела за објаснување од заменик министерот за финансии господинот Кокароски, да провериме уште еднаш што се влегува во тој пакет закони поврзани со Буџетот, да не направиме превид.Знам дека 14-та и 15-та точка и 52-ра точка се договорени. Дали и овие точки се поврзани директно со Буџетот.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Јас би ги молел пратениците да можеме да го донесеме Предлогот за донесувње закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, изменување и дополнување на Законот за народна банка, Законот за банките. Тоа се кратки закони и со тоа ќе го комплетираме пакетот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, ве молам, мало усогласување.

Во секој случај точката 11 е договорена и претходно.

Одиме на точката 11 а во меѓувреме ако се направи договор и за 12-та и 13-та точка ќе ги поминеме, ако не, ќе одиме на претходно договорените.

**Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 58 за, 4 воздржани, против не гласал никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 за, 1 воздржан, против не гласал никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за банките.

**Минуваме на точката 14 - Предлог на закон за изменување на Законот за државните службеници.**

Претставници имаме.

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 58 за, 1 воздржан и 1 против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за државните службеници.

**Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Има збор министерот за економија.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Со оглед на тоа што Министерството за економија подготвува нов закон за трговски друштва кој што беше веќе во прва фаза, имајќи во предвид дека има голем интерес за овој закон намерно го одложивме неговото донесување кое што беше планирано до крајот на оваа година од причини што сакавме уште еднаш во една широка расправа да ги утврдиме сите негови евентуални подобрувања со цел да донесеме еден навистина квалитетен закон. Во моментов на сила е Законот за трговски друштва од 1996 година и она што Владата бара е да неговата примена која требаше да биде до крајот на оваа година, да се продолжи примената на

постојниот закон за трговски друштва до 1.05.2004 година, до кога сме и убедени дека ќе го донесеме законот за трговски друштва. Мислам дека во еден многу пократок временски период ќе го донесеме, меѓутоа, од прилика го даваме овој временски рок од 1.05.2004 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани министри, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, добро е што се одлага примената на Законот. Ние тоа го предложивме во првата фаза како предлог за донесување. Добро е што се прифати тоа и се свати дека рокот за негова примена е краток. Се надевам дека овие неколку месеци ќе се искористат максимално за организирање на што посодржајна јавна расправа по овој закон и некои делови кои не се многу јасни и обемни, да се направат што поконцизни и полесно применливи во пракса.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Значи, ако ве разбрав министре вие го повлекувате?

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Да се продолжи примената на постојниот закон за трговски друштва на кој што требаше да му заврши примената до 31.12.оваа година, значи да се продолжи неговата примена до 1.05.2004 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, сите за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Тоа се мали измени неопходни за да може да функционира.

Гласале 58 пратеници од 64 присутни, сите 58 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за трговски друштва.

Сега предлагам да преминеме на 52-та точка - Предлог на закон за престанување на важноста на законот за Фондот за земјоделство кое што беше договорено.

Дали се согласуваме со тоа да ја разгледуваме оваа точка?

Јас ве молам да гласаме дали се согласуваме да ја разгледуваме 52-та точка на дневен ред.

Ве молам да гласаме

Гласале 60 пратеници, 57 за, 1 воздржан, 2 против.

Во салата се присутни повеќе од 61 пратеник. Така што има согласност да ја разгледуваме 52-та точка.

**Минуваме на точката 52 - Предлог на закон за престанување на важноста на Законот за Фондот за земјоделство.**

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Господинот Ѓорге Паљошкоски.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, почитуван министре. Жал ми е што Владата на Република Македонија го укинува Фондот за земјоделство затоа што со неговото постоење е врзан со помагање на земјоделието во државата,

и еве ќе кажам кои работи ги извршува Фондот за земјоделство: даваше финансиска помош, се грижеше за развојот на евикасноста на земјоделството, обезбедуваше услови за зголемување на приходот, се грижеше за унапредување на регионите, предлагаше нови технологии, се грижеше за развојот и стабилен внатрешен пазар, се грижеше за развојот на интензивното земјоделско производство, вршеше осигурување на вршителите на земјоделската дејност и вршеше други работи кои беа во согласност со другите закони во државата. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 56 за, 13 негативно.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важноста на Законот за Фондот за земјоделство.

Со ова јас мислам дека ги поминавме сите оние точки кои што ги договоривме.

Да прашам уште еднаш, имаше посебна замолница од заменик министерот Кокароски да се поминат и 12 и 13 точка кои се извонредно кратки. Имавте можност и затоа оставив време да ги видите. Ве молам колеги, за тоа треба договор. Оваа седница денеска ја водиме во договор, ве молам да бидеме коректни. Јас затоа дадов можност, колегите од опзицијата да ја видат 12 и 13 точка. Тие навистина се извонредно кратки и дали би можеле да ги разгледаме затоа што и тие се битни за функционирањето. Еве, присутен е и господинот Кокароски.

Господинот Коце Трајановски од името на пратеничката група.

Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке, ние како опозиција, како ВМРО-ДПМНЕ и ЛДП денеска покажавме дека доколку не се ограничува дискусијата може овој Парламент и нормално да работи, конструктивно и сметам дека овој поручек од продолжувањето така и се оствари. Значи, ние исто така сметаме дека и овој закон е многу значаен и прифаќаме да го донесеме уште овој закон и законот за народни банки како што предлага заменик министерот и со тоа да ја завршиме расправата.

Да не се јавувам повторно би сакал на сите граѓани на Република Македонија да им ги честитам новогодишните празници, на сите пратеници и на министерствата. Благодарам. (Аплауз).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колега.

Минуваме на 12-та точка . Се покажа дека договор куќа гради и мислам дека е добро во тој дух да продолжиме и во идната година.

Дванаесеттата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон.

Предлогот за доесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, никој не е пријавен,. (Господинот Китановски бара збор). Простете, збор има господинот Илија Китановски. Повелете.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги и почитуван заменик министер. За важноста и за итноста на донесувањето на Предлог-законот за хартии од вредност веќе се изјасни од името на пратеничката група и координаторот, јас би сакал само неколку коментари и забелешки на овој закон да презентирам во кратки црти. Ќе се обидам да бидам што пократок и поефикасен.

Почнувајќи од самите причини на законот ќе забележиме одредени заклучоци кои од принципиелни причини треба да се корегираат. Наведено е, колку е пократко времето од случувањето на трансакцијата до нивното порамнување толку државните хартии од вредност се поликвидни. Меѓутоа, ликвидноста зависи од можноста да се продадат хартиите од вредност во секое време без притоа да се изгуби значаен дел од цената. Значи, ликвидноста е значајна во смисла кога ќе се склучи купопродажниот договор, а не истиот кога ќе се порамнува. Инаку, би се поставило прашањето која хартија од вредност е поликвидна. Дали онаа што ни треба три месеци за да успееме да ја продадеме, ама порамнувањето ќе се изврши веднаш или онаа што ќе се продаде веднаш ама порамнувањето ќе се изврши по три дена или повеќе.

Исто така, во последниот став од причините поради кои се носи законот е наведено дека неофицијалниот пазар ќе се пролонгира до 31.12.2004 година, а во исто време оваа промена заедно со другите допринесуваат за корпоративното управување. Корпоративното управување, пред се, се базира на информации кои всушност на неофицијалниот пазар и ги нема, така да и ова е во најмала рака погрешна констатација.

Во членот 1 се дефинира дека реподоговорите не претставуваат тргување иако по својата суштина тоа е промпно, значи веднаш купопродажба со истовремено издавање фијучер за идните хартии од вредност. Прашање е доколку ова не е тргување тогаш каде всушност се сретнуваат купувачите и продавачите, како и кога се врши порамнувањето пак тогаш на овие трансакции. Кои принципи ќе важат и сл.

Исто така, во дефиницијата на реоткупот е дефиниран да се изврши на некој иден датум, но не се прецизира кога. Дали тоа значи дека може да се продадат 10% од акции од некоја банка на некое лице и истите да се дефинираат, да се откупат по пет години. Тука се поставува и прашањето не само за рокот туку и тоа кој управува со акциите за време од тие пет години.

Дали вака не би се заобиколиле и други закони, како на пример Законот за банки и сл. Би требало да бидат наведени веројатно и странските искуства за тоа како реподоговорите се решени во нивната легислатива. Исто така технички на овој став сметам дека тука не му е местото, би требало евентуално да се помести како посебен член.

Во членот 3 каде се дефинира новиот член 55-а, се дефинира дека едно акционерско друштво ќе стане јавно доколку издаде хартии од вредност по пат на јавна понуда или има повеќе од 100 акционери и основна главнина од милион евра. Прашање е дали доколку едно акционерско друштво понуди по пат на јавна понуда хартии од вредност, а истите ги купи едно лице, истото и понатаму ќе биде јавно друштво. Има ли и потоа модус, начин друштво кое еднаш било јавно да стане приватно, затворено друштво.

Со оваа дефиниција, со или, не кажуваме дека било кој од овие критериуми доколку се оствари друштвото ќе стане јавно односно овие два критериуми се исклучуваат, односно не се поврзуваат помеѓу себе.

Исто така сметам дека треба да се додаде уште некој критериум за друштвата кои издале акции по пат на јавна понуда, на пример 100 или 50 акционери. Потоа, исто така, минимум капиталот и сл. Овие акционерски друштва би требало и во

законот да се дефинираат како јавни друштва или паблик. Тоа е терминологија која е меѓународно прифатена.

Технички терминолошки во членот 55-в пазарен сегмент за некотирани хартии од вредност треба да се усогласи со терминологијата од остатокот од законот. На пример член 174 каде за истиот сегмент употребуваме неофоцијален пазар.

Во истиот член би требало да се исфрли и третиот став бидејќи не кажува ништо ново или барем ништо посебно, а воедно е погрешено и самото повикување на членот.

Со членот 4 се брише ставот 56 кој всушност е во насока на нарушување корпоративното управување, по наше мислење, што е пак спротивно на самата основна определба на законот наведена во причините за донесување на законот каде истата е дефинирана како зајакнување на корпоративното управување.

Во членот 6 исто така е дефинирано дека на берзата може да се обезбедуваат услови за поврзување на понудата и побарувачката и на краткорочните државни хартии од вредност. Притоа не се дефинира егзактно по кои правила ќе се тргува, дали по правилата на Народна банка.

На крајот членот 9, терминот “организиран” се менува со “институционализиран” и “неинституционализиран”, но притоа не ја гледаме потребата од таа промена со оглед на тоа дека никаде во другиот текст на законот истото не се менува.

На крајот ќе ми дозволите како заклучок, ова навистина беа забелешки и коментари кои сметаме дека ќе ги подобрат и суштината и содржината на текстот. Како констатација за тоа што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи донесувањето на овој закон е една од главните причини тоа што треба да се има предвид дека доколку овие измени на законот не се донесат до 31 декември о.г., тогаш по Нова Година согласно постојниот Закон за хартии од вредност нема обврска за тргување преку берза, што би значело дека може да настане хаос во тргувањето. Затоа следува поддршката на парламентарната група од ВМРО. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам многу колега.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклуувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници, 67 за и двајца воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, сите 71 за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 5 во новиот член 67-а и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани а член 3 во новиот член 55-б став 2, член 3 во новиот член 55-в став 3, член 3 во новиот член 55-г став 3 и на член 9 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 72 за и двајца воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.

Тринаесетта точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнвуање на Законот за Народна банка на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, 72 за, тројца воздржани, еден негативно.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието  го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 66 за, тројца воздржани и двајца негативно.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, 68 за, тројца воздржани, еден негативно.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија.

Пред да ја прекинам седницава, дозволете ми почитувани колеги да ви се заблагодарам (некој од пратениците бара збор).  За што? Јас почнав, барем честитката да ја кажам.

Во ред, госпоѓа Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитувана потпретседателке, во името на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија би сакала прво да се заблагодарам прво на конструктивноста на сите пратеници на денешната седница и воедно да им ги честитам божиќните и новогодишните празници на сите граѓани на Република Македонија. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Значи, дозволете ми да ви се залбагодарам за добрата соработка на сите.

Господинот Гзим Острени.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Госпоѓо потпретседателке, почитувани пратеници, колешки и колеги,

Од името на парламентарната група на ДУИ изразувам задоволство што на еден навистина извонреден, хармонизиран начин во времето што го предвидовме како што требаше да ја завршиме оваа работа, да ги завршиме нашите задачи навистина да ги пренесеме сите работи во интерес на граѓаните на Република Македонија. Во овој случај сакам на сите граѓани, на пратениците и на луѓето од власта да им честитам среќна Нова Година и сите други празници.

Благодарма многу.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господинот Коце Трајановски, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Се извинувам госпоѓо потпретседателке. Би сакал да прашам дали ќе работиме пред божиќните празници, на 5 и 6 и доколку не работиме првата честитка, сакам да дополнам со тоа што на сите христијански верници им ги честитам божиќните празници, покрај новогодишните и им посакувам убаво да си поминат. (Аплауз).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господин Владо Илиевски дали е пријавен? (Не е). Грешка.

Дозволете ми и во свое лично име да го изразам задоволството, одличната соработка на денешнава седница, меѓутоа и воопшто генерално земено јас мислам дека имавме добра соработка и во текот на целата оваа година и се надевам дека во текот на идната година само ќе ја унапредиме.

Така што, дозволете ми и официјално во свое и во ваше име на сите граѓани на Република Македонија да им ги честитам претстојните новогодишни празници а на граѓаните во Република Македонија од православна вероисповед им ги честитам и претстојните божиќни празници.

Ќе се видие по Нова Година, нека ни се среќни празниците.

Слободан Даневски остана неискажан, еве, со задоцнување, мислам да го ислушаме и него.

Повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Од името на Либерална партија на сите граѓани им ја честитам Новата Година и се надевам дека заврши оваа година, неславно, лошо и мислам да не се злоупотребува ова... (реакција на пратениците).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ова не требаше за крај, но тоа е.

(Седницата прекина со работа во 19,10 часот).